Влада на Република Северна Македонија
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -
Сектор за анализа на политиките и координација

# И З В Е Ш Т А Ј
**за реализација на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за мерки за справување со Covid-19 кризата**

Скопје, април 2021 година

## 1. Вовед

Финансиска одржливост на граѓанскиот сектор е еден од приоритетите на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020). Во изминатите две години година се зголеми транспарентноста и објективноста при распределбата на средствата наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации. Согласно Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за мерки за справување со Covid-19 кризата, Владата на Република Северна Македонија додели 29.519.495 денари на 40 граѓански организации, а во работата на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за мерки за справување со Covid-19 кризата учествуваа и два члена на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор.

## 2. Распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации за мерки за справување со Covid-19 кризата

На 5 јуни 2020 година Владата на Република Северна Македонија донесе Одлука за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за мерки за справување со COVID-19 кризата и Програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за мерки за справување со COVID-19 кризата[1]. За реализација на Програмата се грижи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, кој согласно точка 5 од Програмата доставува до Владата извештај за реализација на Програмата со финансиски показатели и образложение на постигнатите резултати.

Во Програмата се предвиде средствата да се користат за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за преземање итни мерки за справување со кризата предизвикана од коронавирусот COVID-19, преку грантови во износ од 600.000 до 900.000 денари, за програми (проекти) во следниве приоритетни цели:

- Информирање на јавноста за мерките и препораките на државните институции за спречување на ширењето на коронавирусот COVID-19 (активности за информирање на јавноста за следење на препораките на Министерството за здравство, особено важноста на придржувањето кон мерката за самоизолација и задолжително носење на заштитна опрема на лицето);
- Правна помош, психолошка помош или совети за безбедност и приспособување за време на пандемија за најзагрозените групи, вклучително и спречување на стигматизација на заразените со коронавирус COVID-19 и лицата во изолација (спречување говор на омраза);
- Помош и поддршка на децата од социјално загрозени семејства и децата од руралните средини за далечинско учење (учење од дома), со примена на средства за електронска комуникација;
- Помош и поддршка во грижата за стари лица, жртви на семејно насилство и други ранливи групи и во нивното приспособување на условите што ги наметна кризата;
- Набавка и дистрибуција на хуманитарна и санитарна помош за социјално загрозените и

[1] "Службен весник на РСМ" бр.149/20

маргинализираните групи, на локално ниво;
- Едукација, директна помош и поддршка помеѓу лица со хронични болести, лица со ретки болести, стари и изнемоштени лица, лица со зависности, самохрани родители, сексуални работници/чки, групи засегнати од ХИВ, лица со попреченост, ЛГБТИ и други социјално исклучени групи (на пример набавки на прехранбени производи и лекови; обезбедување на храна, прехранбени и хигиенски пакети; психосоцијална поддршка и сл.);
- Директна поддршка за ранливи категории на работници/чки од ниско платени гранки со идејни решенија кои ќе им помогнат да остваруваат приходи за време на криза (на пример воспоставување on-line продавници за земјоделци/ки поединци);
- Директна поддршка за ранливи категории на работници/чки кои се дел од неформалната економија и немаат можност за искористување на мерките на Владата за финансиска помош;
- Поддршка на ранливи групи со ниски примања за да им се помогне со решенија со кои ќе остваруваат приходи за време на кризата;
- Правна помош на граѓаните од најпогодените заедници за да ги остварат правата од мерките кои ги донесе Владата;
- Анализа на влијанието на пандемијата, вклучувајќи ги и економските ефекти од кризата врз жените и ранливите категории и предлози за менување на политиките и мерките;
- Промоција на домашното земјоделско производство, локални капацитети за рурален развој и туризам и локалното производство на храна;
- Антикорупциска проверка на политиките кои се донесуваат во време на криза;
- Предлози за структурни промени и нови политики (во областите здравство, образование, социјална заштита, животна средина и др.) кои ќе гарантитаат социјално-економска правда и правичност;
- Информирање за заштитата на човековите права и ризикот од стеснување на просторот за граѓанските слободи за време на епидемија и вонредна состојба;
- Справување со дезинформации, лажни вести, стигматизација и говор на омраза;
- Активности поврзани со дигитализација и електронска писменост на населението воопшто, односно како да се зголеми довербата во електронската комуникација и работење;
- Онлајн обука и менторство за невработени лица, со фокус на ранливи категории граѓани, за стартување сопствен бизнис;
- Обезбедување на совети и поддршка за развој на онлајн модули за физичка активност со цел подобро ментално здравје за време на пандемија;
- Информирање и едукација на јавноста за практикување на физичка активност со почитување на социјално дистанцирање (развој на упатства, модули).

Распределбата на финансиските средства се спроведе врз основа на член 18 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година[2], во согласност со Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации[3], Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средствата за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за мерки за справување со COVID-19 кризата и Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за мерки за справување со COVID-19 кризата, а врз основа на оглас што Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија го објави на веб-страниците www.vlada.mk и

[2] "Службен весник на РСМ" бр. 256/19
[3] "Службен весник на РМ" бр. 130/07

www.nvosorabotka.gov.mk на 6 јуни 2020 година.

По објавениот Оглас, по електронски пат, пристигнаа 591 пријава (предлог-проекти) од здруженија и фондации, од кои 549 пријави во рокот предвиден во Огласот (11.6.2020 година до 12:00 часот), кои административно беа обработени од страна на Генералниот секретаријат на Владата - Одделение за соработка со невладини организации. Пријавите со целокупната документација беа поставени електронски на заштитена локација на www.nvosorabotka.gov.mk со што сите вклучени во процесот на евалуација имаа брз и едноставен пристап.

Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 10.6.2020 година донесе решение за именување претседател и членови на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансиска поддршка на здруженија и фондации за мерки за справување со Covid-19 кризата. Со цел зголемување на транспарентноста и подобрување на квалитетот на процесот на распределба, во составот на Комисијата беа именувани и два члена на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор.

Комисијата формираше Оперативно тело од административни службеници од Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Секретаријатот за европски прашање, Генералниот секретаријат на Владата-Одделение за соработка со невладини организации и два члена на Светот за соработка со и развој на граѓанскот сектор, кое изврши евалуација на проектите и подготви Предлог-ранг листа.

Врз основа на Предлог-ранг листата на Оперативното тело и расправата на седницата одржана на 13.6.2020 година, Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансиска поддршка на здруженија и фондации за мерки за справување со Covid-19 кризата утврди Ранг листа и Предлог-одлука за распределба на финансиски средства наменети за финансиска поддршка на здруженија и фондации за мерки за справување со КОВИД-19 кризата и ја достави за разгледување до Владата. Ранг листата на Комисијата е објавена на www.nvosorabotka.gov.mk.

Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 13.6.2020 година донесе Одлука за распределба на финансиски средства наменети за финансиска поддршка на здруженија и фондации за мерки за справување со КОВИД-19 кризата[4], со која додели 40 гранта на здруженија и фондации, во вкупна вредност од 29.519.495 денари. Согласно Одлуката, на 19.6.2020 година беа потпишани 39 договори за обезбедување финансиска поддршка со здруженијата и фондациите. Не е склучен договор со Здружението Совет за етика во медиумите на Македонија Етика Прес Скопје, поради доставено известување од здружението со кое се откажува од можноста за добивање финансиска поддршка.

Согласно точка 4 од Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за мерки за справување со Covid-19 кризата, здруженијата и фондациите – корисници на средства од Буџетот, беа задолжени во рок од 30 дена по завршувањето на програмските активности, а најдоцна до 31 јануари 2021 година да доставaт Извештај за користењето на средствата до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

[4] "Службен весник на РСМ" бр.157/20

## 3. Финансиски показатели и образложение на постигнатите резултати

Од доделени 40 грантови и вкупно 29.519.495 денари, 658.892 денари (2,23%) не се искористени поради откажување од финансиската поддршка од страна на едно здружение (606.600 денари) и измени при реализирање на активности кај дел од проектите.

Според податоците од завршните извештаи, 53,11% од средствата се потрошени за директни трошоци поврзани со програмата, а 35,78% од средствата се потрошени за човечки ресурси, а 11,11% од средствата за оперативни трошоци.

***Графикон 1: Преглед на расходи по категории***




Доколку се спореди начинот на користење на распределените средства од Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за мерки за справување со Covid-19 кризата со начинот на користење на распределените средства од Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година, во 2020 година средствата потрошени за директни трошоци поврзани со програмата се зголемени за 6,57%, а средствата потрошени за човечки ресурси се зголемени за 1,77%.

***Графикон 2: Споредба на расходи по категории во 2020 со 2019 година***




Што се однесува до постигнатите резултати, преку проектите на граѓанските организации финансиски поддржани од Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за мерки за справување со Covid-19 кризата, се овозможи набавка и дистрибуција на вкупно 2.983 пакети хуманитарна и санитарна помош за социјално загрозените и маргинализираните групи, од кои: 792 пакети за бездомници и социјално загрозени лица на национално ниво, 646 пакети на социјално загрозени семејства во Скопскиот регион, 360 пакети во Полошкиот регион 315 пакети во Источниот регион, 300 пакети во Југоисточниот регион и 100 пакети во Пелагонискиот регион, 194 пакети на луѓе што употребуваат droги, 150 пакети на трансродови лица, 106 пакети на сексуални работници и 20 пакети на жени жртви на семејно насилство. Исто така, дистрибуирани се 11.873 заштитни визири, 9.500 заштитни маски и 3.050 средства за дезинфекција.

Со цел помош и поддршка на децата од социјално загрозени семејства и децата од руралните средини за далечинско учење (учење од дома), со примена на средства за електронска комуникација, преку оваа програма се набавија и дистрибуираа вкупно 331 таблети, од кои: 145 таблети во Источниот регион, 84 во Полошкиот регион, 72 во Североисточниот регион и 30 во Скопскиот регион.

Во насока на информирање на јавноста за мерките и препораките на државните институции за спречување на ширењето на коронавирусот COVID-19, преку оваа програма се изработени и дистрибуирани 27.260 флаери, 10.000 стикери, 700 постери и 1.740 примероци на брошури. Подготвени се и неколку публикации и анализи, како што се:

- Анализа на политиките кои се однесуваат на финансирање на локалната власт https://zfr.org.mk/analiza-na-politikite-koi-se-odnesuvaat-na-finansirane-na-lokalnata-vlast/
- Водич за пациенти со малигни заболувања со основни информации за Ковид-19 http://borka.org.mk/kovid19/
- Препораки за унапредување на можностите за вработување на жени жртви на семејно насилство https://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/23-12-2020-preporaki-za-unapreduvane-na-mozhnostite-za-vrabotuvane-na-zheni-zhrtvi-na-semejno-nasilstvo/ и
- Бриф за политиките: Ефектите од Ковид-19 врз сиромаштијата, со посебен осврт кон жените и младите во социјален ризик, неформалните работници, примателите на социјална помош и Ромите https://www.financethink.mk/wp-content/uploads/2020/11/PB43.pdf.

Исто така, преку оваа програма обезбедена е психолошка помош или совети за безбедност и приспособување за време на пандемијата, организирани се различни модули на онлајн обука, советување и менторство за невработени лица или ранливи категории на граѓани.

## 4. Детален преглед на начинот на трошење на распределените средства

Во продолжение се дава приказ на трошењето на средставата наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации за мерки за справување со Covid-19 кризата, согласно податоците содржани во доставените завршни извештаи на здруженијата и фондациите:

| | |
|---|---|
| 1. Име на здружението: **Здружение Културно хуманитарна организација на Турците од Источна Македонија Радовиш** | |
| ПРОЕКТ: Едукација на населението за подигање на свеста за справување со пандемијата предизвикана со корона вирусот COVID-19 и Хуманитарна помош и заштитна опрема и пакети со прехрамбени артикли и артикли за одржување на лична хигиена во руралните средини на Југоисточниот регион на РСМ | |
| Висина на грант: 742.500 денари | |
| Цел на проектот | Информирање на населението за комплетната состојба со пандемијата на Коронвирусот Ковид-19 и хуманитарна и санитарна помош |
| Активности | Набавка на заштитни и санитарни средства и прехранбени производи, нивно пакување и дистрибуирање до социјално загрозени семејства во Југоисточниот регион |
| Резултати | Населението во селата Бахчебос, Деделија, Кизилдоган, Коџулија, Прстен, Калково, Гопчели, Куртамзали, Орманлија, Дурломбоз, Мемешлија е информирано за спречување и ширење на Коронавирусот Ковид-19. |

| | |
|---|---|
| | Со поддршка на Општинската организација на Црвен крст Радовиш, поделени се 500 флаери, 300 прехранбени пакети, 2000 заштитни маски и 1000 средства за дезинфекција на социјално загрозени семејства во руралните средини на Југоисточниот регион. |
| Отстапување од планираните активности | Поради Парламентарните избори во Јули 2020 година дел од активностите се одложени до крајот на септември 2020 година, што немаше влијание на остварување резултатите и целите на проектот. |
| Времетраење на проектот | 20.06.2020-30.09.2020 година |
| Буџет | - Човечки ресурси ..................62.712 денари<br>- Оперативни трошоци ........121.144 денари<br>- Директни трошоци............ 558.694 денари<br>- Вкупно ..............................742.550 денари, од кои 50 денари учество на корисникот |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставена е финансиска документација, со мали отстапувања меѓу планираните и реализирани трошоци по буџетски ставки, но во границите на вкупно одобрениот буџет на проектот. |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот. Информирано е населението од руралните средини во Југоисточниот регион за сериозноста на пандемијата и за почитување на мерките за заштита од Ковид-19 и обезбедени се пакети со прехранбени производи и заштитни средства за 300 социјално загрозени семејства. |

| | |
|---|---|
| 2. Име на здружението: **Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе Отворена Порта Скопје** | |
| ПРОЕКТ: Програма за психосоцијална помош и поддршка на жртви на трговија со луѓе и сексуално насилство | |
| Висина на грант: 810.000 денари | |
| Цел на проектот | Обезбедување на услуги и ефективна помош на жртвите на трговија со луѓе во Република Северна Македонија за време на пандемијата со Ковид-19 |
| Активности | - Тековни активности во Центарот за жртви на трговија со луѓе и за сексуално насилство и во местата на живеење на штитеничките и обезбедување на хуманитарна помош<br>- Медицинска помош<br>- Психо-социјална помош и поддршка<br>- Правно советување<br>- Образование и дополнителна професионална квалификација<br>- Вклучување на семејството/повторно обединување |
| Резултати | - 8 лица безбедно сместени и вклучени во програмата за жртви со трговија со луѓе<br>- Реализирани 7 медицински интервенции, 7 лица со подобрено здравје преку добиена медицинска услуга<br>- Реализирани 115 психолошки интервенции од кои 85 индивидуални советувања и 30 тематски групни работилници со корисници |

| | |
|---|---|
| | - 6 лица информирани за своите права и обезбедени со пристап до примарна и секундарна правна помош<br>- 4 жртви вклучени во образовен процес |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапувања од планираните активности |
| Времетраење на проектот | 1.07.2020 – 31.12.2020 година |
| Буџет | - Човечки ресурси ..................478.280 денари<br>- Оперативни трошоци .................... 0 денари<br>- Директни трошоци ............. 331.720 денари<br>- Вкупно ..................................810.000 денари |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставена е финансиска документација, со мали отстапувања меѓу планираните и реализирани трошоци по буџетски ставки во делот Директни трошоци, но во границите на вкупно одобрениот буџет на проектот. Вкупниот буџет на Програмата за психосоцијална помош и поддршка на жртви на трговија со луѓе и сексуално насилство е 2.385.864 денари, од кои 1.575.864 денари се средства на корисникот или од други извори. |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Целта на проектот е постигната. Обезбеден е соодветен третман на жртвите од трговија со луѓе преку социјални услуги во рамките на комплексната програма за директна поддршка, преку 24 часовни смени на стручниот тим во Центарот за жртви на трговија со луѓе и сексуално насилство, со примена на протоколи за заштита од Ковид-19. Во однос на оддржливоста, здружението ќе продолжи да лобира кон државните институции, посебно Министерството за труд и социјална политика за обезбедување постојани извори за финансирање на оваа програма. |

| | |
|---|---|
| 3. Име на здружението: **Здружение-Балкански Институт за Регионална Соработка (БИРС) Тетово** | |
| ПРОЕКТ: Подигнување на свеста за опасноста од КОВИД-19 преку квалитетно новинарство | |
| Висина на грант: 810.000 денари | |
| Цел на проектот | Професионално информирање и сензибилизирање за подигнување на свеста кај граѓаните за почитување на мерките против Ковид-19 |
| Активности | - Креирање на посебна онлајн платформа Anticovid by KDP на албански јазик за професионално информирање за Ковид 19, како дел од порталот https://kdpolitik.com.<br>- Продукција на едукативни содржини за подигнување на свеста за почитување на мерките<br>- Промовирање на медиумска писменост преку детектирање на дезинформации и лажни вести<br>- Публикација на медиумски содржини за промовирање на домашни производи и домашен туризам |
| Резултати | - Зголемување на свеста на граѓаните за последиците од Ковид-19 преку платформата Anticovid by KDP на албански јазик, како дел |

| | |
|---|---|
| | од порталот https://kdpolitik.com.<br>- Промовирање на мерките и препораките на Владата, зголемување на нивото на медиумска писменост кај граѓаните посебно во делот на идентификација и реагирање кон лажните вести поврзани со Ковид-19.<br>- Зголемување на информираноста на граѓаните преку објавување на текстови за домашните хотелски капацитети за сместување. |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапување од планираните активности |
| Времетраење на проектот | 01.07.2020 - 31.12.2020 година |
| Буџет | - Човечки ресурси .............462.000 денари<br>- Оперативни трошоци ........90.000 денари<br>- Директни трошоци ..........258.000 денари<br>- Вкупно ...............................810.000 денари |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставени се докази за трошоците во финансискиот извештај. |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот, на порталот https://kdpolitik.com креирана платформа за подигнување на свеста кај граѓаните за последиците од Ковид-19, почитување на мерките и препораките на Владата, и за зголемување на нивото на медиумска писменост кај граѓаните посебно во делот на идентификација и реагирање кон лажните вести поврзани со Ковид-19. Платформата е активна и се ажурира и по завршувањето на проектот, но е само на албански јазик иако порталот https://kdpolitik.com има содржини на албански, македонски и англиски јазик. |

| | |
|---|---|
| 4. Име на здружението: **Асоцијација на специјализанти и млади лекари АСМЛ Скопје** | |
| ПРОЕКТ: 3Д принт медицинска опрема | |
| Висина на грант: 799.650 денари | |
| Цел на проектот | Значително зголемување на заштитата на лицата кои се во првите редови со справување на пандемијата со што значително би се намалила шансата за трансмисија на болеста |
| Активности | - Набавка на материјали за носачи на визири<br>- Производство на носачи за заштитни визири<br>- Склопување на заштитните визири<br>- Пакување и достава на заштитните визири |
| Резултати | Организирана е набавка на над 10000 визири за заштита на персонал кој е изложен на работа со пациенти, како и луѓе кои се ризични за Ковид 19 инфекција. Изработените 11.873 заштитни визири се дистрибуирани: 5159 на јавни здравствени установи, 600 на приватни здравствени установи, 789 на стоматолози, 4554 на јавни установи, 519 на невладини организации и 252 на медиуми. |
| Отстапување од | Нема отстапување од планираните активности |

| | |
|---|---|
| планираните активности | |
| Времетраење на проектот | 06.2020 - 12.2020 година |
| Буџет | - Човечки ресурси .................................... 0 денари<br>- Оперативни трошоци ..................123.835 денари<br>- Директни трошоци........................676.659 денари<br>- Вкупни трошоци .......................800.494 денари, од кои 844 денари сопствено учество на корисникот. |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставени се докази за трошоците во финансискиот извештај. Има отстапување помеѓу планираните и реализираните средства по буџетски ставки, но во рамките на вкупно одобрениот буџет на проектот. |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Набавени се 11.873 заштитни визири и дистрибуирани на јавни и приватни здравствени установи, стоматолози, јавни установи, невладини организации и медиуми. |

| | |
|---|---|
| 5. Име на здружението: **Здружение на граѓани за помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци Љубезност Скопје** | |
| ПРОЕКТ: Акција за помош и поддршка на бездомните и социјално загрозени граѓани во услови на криза со пандемијата на Ковид 19 | |
| Висина на грант: 777.492 денари | |
| Цел на проектот | Да им се даде помош и поддршка на бездомниците и на социјално загрозените семејства и поединци во справувањето со кризата предизвикана од пандемијата со КОВИД-19. |
| Активности | - Набавка и обезбедување на хуманитарна помош и донирање на хуманитарната помош<br>- Психосоцијална подршка, поддршка за вработување на крајните корисници, поддршка во отпочнување на домашен бизнис со земјоделство и обуки за управување со лични и семејни финансии<br>- Реновирање и изградба на домови и вдомување во објекти под закуп<br>- Комуникациски и информативни активности |
| Резултати | - Набавена и поделена е хуманитарна помош на 692 бездомни лица и социјално загрозени семејства, како и на 100 поединци.<br>- Посетени се 792 семејства на кои им е дадена психосоцијална поддршка и направени се нови социјални амнези на 159 семјества со 675 лица.<br>- Вдомени се во објекти под закуп 8 семејства со вкупно 20 лица и реновирани се 4 домови на социјално загрозени семејства кои живееле во руинирани домови без основни услови за живот.<br>- Информирани преку директни контакти на социјалните работници и волонтери за мерките и препораките за заштита од Ковид 19 вкупно 750 бездомници и 250 социјално загрозени семејства. |

| | |
|---|---|
| Отстапување од планираните активности | Нема одстапување од планираните активности |
| Времетраење на проектот | 01.07.2020 - 31.12.2020 година |
| Буџет | - Човечки ресурси ............. 229.980 денари<br>- Оперативни трошоци ........ 184.209 денари<br>- Директни трошоци ............363.303 денари<br>- Вкупно ................................ 777.492 денари |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставена е детална документација со докази за трошоците во финансискиот извештај. |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Целите на проектот се постигнати, обезбедена е значајна помош и подршка на бездомниците и на социјално загрозените семејства и на поединци во справување со кризата предизвикана од пандемијата со Ковид-19. |

| | |
|---|---|
| 6. Име на здружението: **Здружение за афирмација на уметност Флуктус Скопје** | |
| ПРОЕКТ: Самоглас - мобилна апликација | |
| Висина на грант: 809.365 денари | |
| Цел на проектот | Афирмација на мултимедијална уметност и поттикнување на активно и критичко учество на младите во културата како публика, но и како директни автори на содржини чија крајна цел е едукативен и креативен раст и развој на заедницата. |
| Активности | - Изработка на мобилна апликација „Самоглас“ од страна на софтверскиот инженер.<br>- Распишување на Конкурс за автори кои имаат напишано дела на македонски јазик, без оглед на нивното искуство или возраст.<br>- Селекција на четири дела кои ќе се обработат во аудио формат и ќе бидат поставени на Самоглас, со цел промоција на самите автори, а и на мобилната апликација.<br>- Конкурс за графички дизајнери, за дизајн на корицата за промоција на делата.<br>- Снимање – секој актер сам ќе го снима делото на кое работи, со цел намалување на изложеноста на разик.<br>- Пост-продукција –монтирање и обработка на аудио материјалите.<br>- Промоција - секоја недела од декември ќе се објавува и промовира по една книга. |
| Резултати | - Пуштена е во употреба мобилна апликација<br>- Во предвидениот рок добиени се дела од 90 македонски автори<br>- Дефиниран состав на Комисија за селекција на четирите дела<br>- Селектирани се четири дела<br>- Селектирани се четири актери<br>- Снимени се и монтирани четири аудио книги<br>- Четири дела се евидентирани во Виртуелната библиотека<br>- Библиотеката на Самоглас се зголеми за четири нови книги и три нови гласа |

| | |
|---|---|
| | - Креирана мобилна апликација на AppStore и PlayStore.<br>- Мобилна апликација симната од 767 лица, а бројот на корисници во декември 2020 бил 1.600. |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапувања од планираните активности, со исклучок на активноста: Конкурс за графички дизајнери, бидејќи избраните дела биле со веќе изготвени решенија за графички дизајн на корицата. |
| Времетраење на проектот | 01.07.2020 – 31.10.2020 година |
| Буџет | - Човечки ресурси .....................775.277 денари<br>- Оперативни трошоци ................13.331 денари<br>- Директни трошоци .....................20.757 денари<br>- Вкупно .......................................809.365 денари |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставени се докази за трошоците во финансискиот извештај. Има отстапување помеѓу планираните и реализираните средства по буџетски ставки, но во рамките на вкупно одобрениот буџет на проектот. |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Овој конкурс овозможи селекција на повеќе книги од предвидените четири за 2020. Во 2021 ќе бидат обработени уште тринаесет од пријавените автори на конкурсот „Слушни ја својата книга“. Со овој проект се зголеми аудио библиотеката со четири нови дела од реномирани македонски автори, достигнувајќи број од 54 дела на Самоглас до крајот на 2020 година. Во јануари 2021 година достигнат е број од 8000 корисници на платформата. Од објавување на мобилната апликација (12.12.2020) бројот на корисниците се зголеми за над 1.600. До јануари 2021 година бројот на корисници кои ја симнале мобилната апликација е 767. Сите поставени дела на платформата ќе останат на минимум следните две години и ќе бидат достапни до сите корисници на веб и мобилната апликација на Самоглас. Во 2021 година фокусот е на македонски автори и лектири за основно и средно образование, со што континуирано ќе се актуелизираат веќе објавените македонски автори и постоењето на мобилната апликација. Се очекува бројот на корисниците да продолжи да расте. |

| 7. Име на здружението: **Здружение на граѓани ФЛОРОЗОН - Центар за еколошка демократија Скопје** | |
|---|---|
| ПРОЕКТ: Биди одговорен за себе и за нашата животна средина и во услови на пандемија | |
| Висина на грант: 559.571 денари | |
| Цел на проектот | Запирање на ширењето на коронавирусот преку соодветно одлагање на заразниот отпад и ублажување на последиците од пандемијата за граѓаните, со фокус на најранливите. |
| Активности | - Спроведување експертски состаноци<br>- Дистрибуција на информативни летоци<br>- Спроведување онлине национална кампања за правилно одлагање на заразен отпад<br>- Онлине консултативна подршка<br>- Изработка на истражувачки стории<br>- Подготовка на предлог политики |

| | |
|---|---|
| Резултати | Спроведени формални состаноци со здруженија, комунални претпријатија, општински инспектори за животна средина и претставници од ланци на маркети, потпишани Меморандуми за соработка со Јавно претпријатие Комунална хигиена од Скопје и Тинекс маркети<br>Дистрибуција на информативни летоци во маркетите каде се поставени корпите за отпад- 1000 летоци<br>Национална кампања:<br>Онлине медиумска кампања 48 објави на онлине портали<br>Подготовка и поставување на постери на видливи места, 1300 постери на македонски и албански јазик<br>Поставени се 75 корпи за отпадоци<br>Набавени се 228 кеси за отпадоци во жолта боја<br>4 договори за пренос на сопственост<br>Подготвено е кратко промотивно видео<br>Подготвена е електронска платформа<br>Изработени се 3 истражувачки стории и објавени на веб страната на ЦЕД Флорозон<br>Подготвен е документ Предлог политики за управување со КОВИД отпадот |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапувања од планираните активности. |
| Времетраење на проектот | 1.07.2020 – 31.12.2020 година |
| Буџет | - Човечки ресурси ..................138.000 денари<br>- Оперативни трошоци ............21.745 денари<br>- Директни трошоци ..............399.596 денари<br>- Вкупно ..................................559.341 денари<br>Неискоритените средства во висина од 230 денари се вратени во Буџетот на 29.1.2021 година |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставени се докази за трошоците во финансискиот извештај. |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Целта на проектот е постигната, во комуникација со надлежниот инспекторат, на локално и национално ниво, а по дојава од страна на граѓаните, тимот на Флорозон ќе продолжи да ги доставува пријавите за прекршоците кои произлегуваат од загадувањето на животната средина со заразен отпад. Дополнително, подготвените истражувачки стории ќе влијаат врз подигнување на јавната свест, а документот Предлог политики за управување со Ковид-19 отпадот се користи како алатка за унапредување на мерките и политиките за животна средина на национално ниво. |

| |
|---|
| 8. Име на здружението: **Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија Етика Прес Скопје** |
| ПРОЕКТ: Известување врз основа на факти: зајакнување на професионализмот во медиумското известување за Ковид-19 |
| Висина на грант: 606.600 денари |

| |
|---|
| Проектот не е реализиран. Не е потпишан Договор за обезбедување на финасиска поддршка, бидејќи здружението достави писмено известување со кое се откажува од можноста за добивање финансика поддршка. |

| 9. Име на здружението: **Здружение Женски Форум Тетово** | |
|---|---|
| ПРОЕКТ: Превенција и заштита од COVID 19 во Тетовскиот регион | |
| Висина на грант: 629.460 денари | |
| Цел на проектот | Подигање на свеста на граѓаните од Тетовскиот регион за важноста за придржување на препораките за спречување на ширење на Ковид-19 |
| Активности | - Дистрибуција на информативен материјал со препораки против Ковид-19 (дизајнирани и печатени 6000 летоци)<br>- Креирање на едукативна видео анимација со препораки против Ковид-19 прикажана на социјални медиуми<br>- Дизајн и промовирање на Facebook графици со препораки против Ковид-19<br>- Средби со градоначалниците на општините опфатени со проектот за координација и соработка за ефективна реализација на активностите<br>- Средби со верски претставници со цел да се информираат за препораки против Ковид-19, кои ќе им бидат презентирани на граѓаните за време на верски обреди<br>- Дистрибуција на заштитна опрема (маски) на граѓаните. Набавени 5.000 маски, кои се дистрибуирани во Тетово, Желино, Теарце, Боговиње, Јегуновце и Брвеница |
| Резултати | - Дизајниран информативен материјал на македонски и албански јазик;<br>- Испечатени и дистрибуирани 6000 летоци;<br>- Креирани едукативни видео анимации на македонски и албански јазик, опфат на лица - 425<br>- Прикажани едукативни видео анимации на социјалните медиуми<br>- Дизајнирани 6 графици со препораки против Ковид-19, опфат на лица - 45.820<br>- Промовирани графици со препораки против Ковид-19 на Facebook страната на здружението<br>- Организирани и реализирани 38 средби во 6 општини<br>- Разгледани состојбите со Коронавирусот и дадени предлози за нивно подобрување<br>- Организирани и реализирани 13 средби со муслимански и православни верски претставници<br>- Пренесени препораки против Ковид-19<br>- Набавени и дистрибуирани 5000 заштитни маски |
| Отстапување од планираните активности | По препорака на градоначалниците, реализирани се средби со претставници на општините кои работат на следење на состојбите со Коронавирусот. Реализацијата на активноста 3.Дизајн и промовирање на Facebook на графици со препораки против Ковид-19, се спроведе во втората половина од имплементацијата на проектот. |

| | |
|---|---|
| Времетраење на проектот | 01.07.2020 – 31.10.2020 година |
| Буџет | - Човечки ресурси ................ 317.000 денари<br>- Оперативни трошоци ........... 34.842 денари<br>- Директни трошоци ..............277.970 денари<br>- Вкупно ................................629.812 денари, од кои 372 денари сопствено учество на корисникот |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставени се докази за трошоците во финансискиот извештај. |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот, подигната е свеста на граѓаните од Тетовскиот регион за важноста за придржување на препораките за спречување на ширење на Ковид-19 и зголемен е бројот на лица кои практикуваат превентивни мерки против Ковид-19. Очекувањата пред почетокот на реализацијата на активностите беа пошироката јавност (околу 30,000 граѓани) од Тетово, Желино, Теарце, Боговиње, Јегуновце, Брвеница да бидат информирани и да се подигне нивната свест за спречување на пандемијата. На крајот на проектот предвидениот број беше надминат (само со кампања на социјалните мрежи беа опфатени 47,000 лица. Благодарение на изградената доверба со граѓаните, соработката со општините и со верските лидери во рамките на овој проект, здружението ќе продолжи со активности за подигање на свеста на граѓаните за заштита од Ковид-19. |

| | |
|---|---|
| 10. Име на здружението: **Здружение на граѓани за подигање на психо – социјалната свест Имаго Плус Скопје** | |
| ПРОЕКТ: Информативна, едукативна и психолошка помош на лица со попреченост за време на Ковид-19 | |
| Висина на грант: 801.090 денари | |
| Цел на проектот | Да им се помогне на децата со попреченост, младите и нивните семејства да ја надминат пандемијата без зголемување на негативните последици од Ковид 19 кои влијаат на нивното ментално здравје |
| Активности | - Воспоставување на формална соработка со општините и Центрите за социјална работа<br>- Анализа и проценка на потребите на семејствата со лица со попреченост<br>- Обезбедување/набавка на заштитни материјали: маски, средства за дезинфекција, ракавици и скафандери<br>- Три посети на терен<br>- Изработка на работен план по општини според потребите на семејствата и лицата со попреченост<br>- Подготвување, изработка и печатење на образовни и едукативни материјали<br>- Подготовка на 2 видео анимации: една на македонски и една на албански јазик, дополнета со знаковен јазик и аудио снимка<br>- Две гостувања на национални телевизии: МРТВ и ТВ 21<br>- Промоција на проектните активности на социјалните медиуми |

| | |
|---|---|
| | - Евалуација на проектот |
| Резултати | - Воспоставена е соработка со 3 општини: Тетово, Липково и Врапчиште и соработка со три Центри за социјална работа, и обезбедени се списоци на семејства со посебни потреби<br>- Изработен прашалник на македонски и албански јазик<br>- Обезбедени 250 пакети со 4 заштитни маски за повеќекратна употреба по семејство и 200 мл средство за дезинфекција<br>- Реализирани три посети на терен, врз основа на работен план за посети и воспоставен тим на експерти во трите општини<br>- Испечатени 500 памфлети, 250 на македонски и 250 на албански јазик и 300 брошури-150 на македонски и 150 на албански јазик, со резиме на активностите спроведени во рамките на проектот<br>- Видео анимација со знаковен јазик и аудио текст на македонски и албански јазик<br>- Снимка од гостувањето на МРТВ и ТВ 21, текстуални, аудио и видео материјали поврзани со проектните активности и резултати се постирани на ФБ страната на Имаго Плус |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапувања од планираните активности. |
| Времетраење на проектот | 20.06.2020-31.12.2020 година |
| Буџет | - Човечки ресурси ................ 162.000 денари<br>- Оперативни трошоци .......... 155.100 денари<br>- Директни трошоци ...............492.000 денари<br>- Вкупно ...............................809.100 денари, од кои 8.010 денари сопствено учество на корисникот |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставени се докази за трошоците во финансискиот извештај |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Проектот успешно се спроведе во трите општини Тетово, Липково и Врапчиште, тимовите ги посетија планираните семејства, иако не сите семејства сакаа да бидат вклучени во проектните активности. Анализата на терен опфати 115 семејства (43 во Липково, 38 во Тетово и 34 во Врапчишта) и покажа дека најголем предизвик се економските проблеми, потоа социјалните предизвици, психолошките и образовните проблеми, семејствата помалку се соочуваат со здравствени проблеми, а најмалку со хигиенски проблеми. Најголем број (70%) од семејствата се корисници на социјална помош по основ на дете со попреченост, но 19% од семејствата не добиваат институционална поддршка и потребно. Одржливоста на проектот ќе се постигне преку долгорочните ефекти од проектот и понатамошна поддршка на лицата со попреченост. |

| | |
|---|---|
| 11. Име на здружението: **Здружение за унапредување на квалитетот на животот на лицата со аутистичен спектар Сина светулка Скопје** | |
| ПРОЕКТ: Аутизам - онлајн поддршка | |
| Висина на грант: 672.210 денари | |
| Цел на проектот | Онлајн поддршка на децата со аутизам и нивните семејства во период |


Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
Одделение за соработка со невладини организации во Генерален секретаријат

| | |
|---|---|
| | на неизвесност. |
| Активности | - Изработка на веб страна<br>- Одржување на видео семинари<br>- Снимање на видео семинари<br>- Видео упатства за едукативни активности во домот<br>- Упатства и примероци за подготовка на визуелна поддршка<br>- Консултации по e-mail, телефонски разговори и советување преку платформа |
| Резултати | - Web страна (македонски и албански јазик)<br>- Вкупно 30 виртулни видео-семинари за поддршка на децата со аутизам и нивните семејства достапни на македонски (15) и албански (15) јазик.<br>- 40 видео упатства за едукативни активности во домот (20 на македонски и 20 на албански јазик)<br>- 20 видеа со виртуелен тренинг за едноставен знаковен јазик (10 македонски и 10 албански јазик)<br>- 10 видеа со визуелна поддршка (распореди, системи, слики, едноставен знаковен јазик, 5 на македонски и 5 на албански јазик)<br>- Форум за прашања и одговори – консултации со семејства/старатели/поддржувачи (на албански и македонски јазик) |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапувања од планираните активности. |
| Времетраење на проектот | 01.07.2020 – 31.10.2020 година |
| Буџет | - Човечки ресурси …………72.000 денари<br>- Оперативни трошоци ……45.667 денари<br>- Директни трошоци ….… 563.543 денари<br>- Вкупно …………………....681.210 денари, од кои 9.000 денари сопствено учество на корисникот |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставени се докази за трошоците во финансискиот извештај |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Целите на проектот се постигнати. Веб страната на здружението и онлајн поддршка која беше развивана во период од 6 месеци се покажа како добра пракса која ќе продолжи да се развива и понатаму и ќе биде достапна на стручните лица и родителите. Во делот за видео поддршка се снимени 50 видео семинари и упатства кои се преведени и на албански јазик. И во иднина семинарите на здружението ќе бидат презентирани на овој начин. Децата со аутизам, нивните семејства и стручните лица имаат потреба од советување на далечина преку телефонски повици и е-маил, во период на ограничен физички контакт. Оваа активност ќе биде практикувана и во иднина со цел да се обезбеди услуга на сите оние кои не се во можност физички да стапат во контакт со стручно лице од здружението поради различни причини. |

| | |
|---|---|
| 12. Име на здружението: **Иницијатива за граѓански интеграции ИГИ Гостивар** | |
| ПРОЕКТ: Информирај се, едуцирај се, солидаризирај се – стоп Ковид 19! | |
| Висина на грант: 736.020 денари | |
| Цел на проектот | Директна хуманитарна поддршка преку дистрибуирање на прехрамбено-санитарни пакети (со производи од македонско потекло), медицински третман, едукација и информирање за мерките и следење на препораките на Министерството за здравство, на лица од ранлива категорија, постари од 65 години, приматели на социјална пензија за полесно справување со актуелната криза, кои живеат во руралните средини на Општина Гостивар |
| Активности | - Работен состанок со релевантни претставници од Центарот за социјална работа Гостивар за идентификување на лица приматели на социјална пензија<br>- Директна хуманитарна и санитарна помош, медицински третман и едукација |
| Резултати | - Потпишан Меморандум за соработка со Центарот за социјална работа Гостивар<br>- Дизајниран едукативен информатор, кратка брошура за превенција од Ковид-19<br>- Со поддршка на Црвен крст Гостивар, дистрибуирани се хуманитарно-санитарни пакети и даден е медицински третман на 360 посетени лица над 65 години, приматели на социјална пензија од руралните средини на општина Гостивар (Чајле, Форино, Здуње, Равен, Вруток, Топлица, Сенокос, Ломница, Ѓурѓевиште, Калиште, Волковија, Трново, Пирок, Врапчиште, Неготино, Градец, Долна Бањица, Балиндол, Страјане и Горна Бањица. |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапување од планираните активности |
| Времетраење на проектот | 1.07.2020-31.10.2020 година |
| Буџет | - Човечки ресурси ..................168.000 денари<br>- Оперативни трошоци ............ 9.020 денари<br>- Директни трошоци ............. 559.000 денари<br>- Вкупно ..................................736.020 денари |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставена е детална документација за трошоците во финансискиот извештај |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот, обезбедена е хуманитарна помош и поддршка за превенција и справување со Ковид-19 на 360 лица приматели на социјална пензија од руралните средини на општина Гостивар. Потпишаниот Меморандум за соработка со Центарот за социјална работа Гостивар и соработката со Црвениот крст Гостивар се основа за одржливост и продолжување на активностите на здружението. |

| | |
|---|---|
| 13. Име на здружението: **Здружение ХОПС Опции за здрав живот Скопје** | |
| ПРОЕКТ: Превенција на Ковид-19 меѓу лица кои се зависни од дроги, сексуални работници и нивните семејства | |
| Висина на грант: 809.593 денари | |
| Цел на проектот | Намалување на последиците од Ковид 19 во Република Северна Македонија преку превентивни активности и директна поддршка кон луѓето кои се зависни од дроги, сексуалните работници и нивните семејства |
| Активности | - Поединечни едукативни советувања за превенција на КОВИД 19 во Центрите на ХОПС или на терен<br>- Изработка на едукативни брошури за превенција на КОВИД 19 кои ќе се делат на луѓето зависни од дроги, сексуалните работници и членовите на нивните семејства<br>- Делење на едукативните брошури за превенција на КОВИД 19 помеѓу луѓето зависни од дроги, сексуалните работници и членовите на нивните семејства<br>- Кампања на социјалните медиуми за превенција на КОВИД 19 и почитување на мерките донесени од Владата на Република Северна Македонија<br>- Набавка на потребни прехрамбени и хигиенски продукти<br>- Дистрибуција на пакетите со храна и хигиенски продукти до корисниците на услугите на ХОПС<br>- Координација на тимовите на ХОПС за успешно спроведување на сите предвидени активности<br>- Континуирано објавување на резултатите и активностите од овој проект на социјалните медиуми |
| Резултати | - Реализирани се 305 едукативни советувања со луѓето кои употребуваат дроги и 250 едукации со сексуалните работници и нивните семејства<br>- Изработени 3500 брошури-информативни материјали (два двострани флаери 10 x 15 см) од кои 2300 наменети за луѓето кои употребуваат дроги и 1200 за сексуалните работници и нивните семејства<br>- Поделени 2300 брошури помеѓу луѓето кои употребуваат дроги и 1200 брошури помеѓу сексуалните работници<br>- 11 кампањи на социјалните медиуми<br>- Набавени и дистрибуирани 300 пакети со храна и 300 пакети со хигиенски производи, од кои 194 на луѓето кои употребуваат дроги и 106 на сексуалните работници и нивните семејства<br>- Поделени се 602 суплементи за зајакнување на имунитетот помеѓу луѓето кои употребуваат дроги и 258 помеѓу сексуалните работници и нивните семејства<br>- Одржани 9 координативни состаноци<br>- 8 објави поврзани со резултати и активности од проектот |
| Отстапување од планираните активности | Утврдени се мали отстапувања во предвидените рокови, но без влијание во постигнувањето на резултатите на проектот |
| Времетраење на проектот | 20.06.2020-31.12.2020 година |
| Буџет | - Човечки ресурси ............................ 306.000 денари |

| | |
|---|---|
| | - Оперативни трошоци ...................... 71.298 денари<br>- Директни трошоци.......................... 431.843 денари<br>- Вкупни трошоци ............................. 809.141 денари<br>Неискористените средства од 452 денари се вратени во Буџетот на 28.1.2021 година. |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставени се докази за трошоците во финансискиот извештај |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот, луѓето кои употребуваат droги, сексуалните работници и нивните семејства добија соодветни знаења и информации за заштита од Ковид-19, а со директната помош се овозможи егистенцијална поддршка на овие луѓе во време на кризата предизвикана од Ковид-19. Одржливоста на проектот ќе се постигне преку континуирано давање на информации и едукации за превенција од Ковид 19 на социјалните медиуми, во Дроп ин центрите и при теренски активности, како и преку обезбедување на дополнителна финансиска и материјална помош. |

| | |
|---|---|
| 14. Име на здружението: **Здружение за заштита на маргинализирани групи Ромски Ресурсен Центар Скопје** | |
| ПРОЕКТ: Образованието на ромските ученици во време на КОВИД 19 | |
| Висина на грант: 810.000 денари | |
| Цел на проектот | Намалувањена последиците од Ковид-19 врз образованието на ученици Роми во општина Кочани и Штип. |
| Активности | -анализа за ургентните потреби на најпогодените ромски семејства во општина Штип и Кочани<br>-анализа на ученици Роми од социјално загрозени семејства<br>-доделени таблети и ваучери за интернет<br>-организирана дополнителна настава<br>-мониторинг на реализација на дополнителната образовна настава<br>-поделени пакети со прехранбени и хигиенски продукти<br>-подготовка на флаери |
| Резултати | -спроведени 200 прашалници<br>-доделени 100 таблети (по 50 во општините Штип и Кочани) на учениците од ромската заедница од второ до четврто одделение, кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и немаат можност за следење на онлајн настава<br>-доделени 215 интернет ваучери (по 2 сим картички) на ученици од второ до четврто одделение<br>-реализирани 32 дополнителни часови (по 16 часови во двете општини) со вкупно 100 ученици Роми од Штип и Кочани<br>-реализирани 100 теренски посети<br>-обезбедени и поделени 40 пакети со прехранбени и хигиенски продукти за најзагрозените ромски семејства во општините Штип и Кочани |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапувања од планираните активности. |
| Времетраење на | 01.07.2020 - 30.11.2020 година |

| | |
|---|---|
| проектот | |
| Буџет | - Човечки ресурси …………...137.000 денари<br>- Оперативни трошоци ………. 29.247 денари<br>- Директни трошоци …………643.753 денари<br>- Вкупно ………………………810.000 денари<br>Прикажаните оперативни трошоци се 27.000 денари, а останатите 2.247 денари се трошоци за банкарски провизии. |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставена е детална документација со докази за трошоците во финансискиот извештај |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Целта на проектот е постигната, преку воспоставените партнерства со локалните институции активно ќе се следат учениците кои добиле помош во рамките на овој проект. |

| | |
|---|---|
| 15. Име на здружението: **Ромски Едукативен Центар Амбрела Скопје** | |
| ПРОЕКТ: Поддршка на ранливи семејства во Шуто Оризари, погодени од Ковид-19 | |
| Висина на грант: 769.500 денари | |
| Цел на проектот | Превенција и ублажување на последиците од економските ефекти од вирусот КОВИД-19 врз најранливите граѓани. Обезбедување на материјална поддршка, сигурност на 200 Ромски семејства кои се надвор од социјалниот систем на заштита. |
| Активности | - Идентификација на социјално ранливи семејства подготовка на списоци, набавка на пакети со храна и хигиенски производи<br>- Дистрибуција на 200 пакети со храна и хигиенски продукти на 200 семејства од општина Шуто Оризари.<br>- Дигитална подготовка на информативен панфлет, флаери, за заштита од Корона вирус.<br>- Печатење и дистрибуција памфлети за информирање и едукација на јавноста за мерките и препораките на државните институции за спречување на ширењето на коронавирусот COVID-1.<br>- Информативни прилози кои се однесуваат на коронавирус превенција и заштита од истиот, преку интернет портал на Ромски јазик.<br>- Правна помош на семејства за остварување на право на помош за време на криза и помош и поддршка на децата од социјално загрозени семејства, во вклучување во образовен процес ( градинки, основни и средни училишта). |
| Резултати | - Идентификувани се 200 лица во општина Шуто Оризари (улици Пелагонија и Овчеполска) кои имаат потреба од храна и хигиенски продукти, а кои се од групата на нерегистрирани во матичната книга на родени, лица кои не можат на друго место да добијат помош, самохрани родители или деца без родители.<br>- Обезбедени и дистрибуирани пакети со храна и хигиенски производи на 200 ранливи ромски семејства од општина Шуто Оризари |

| | |
|---|---|
| | - Придонес кон правилно и навремено информирање на јазик и содржина разбирлива за корисниците кои живеат во општина Шуто Оризари, поделени 1000 памфлети за заштита од Ковид-19, снимени информативни прилози на Ромски јазик за заштита од Ковид-19 и поставени на социјалната мрежа Facebook и на Youtube.<br>- Дадена пара-правна помош на семејства за остварување на право на помош и искористување на мерките и бенефициите кои ги нуди државата за време на криза и помош и поддршка на децата од социјално загрозени семејства во вклучување во образовен процес. 200 семејства добиле административна и правна помош како да го остварат правото на евиденција во посебниот регистар за неевидентирани лица во матичната книга на родени и нивен дополнителен упис. |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапувања од планираните активности. |
| Времетраење на проектот | 01.07.2020 - 31.12.2020 година |
| Буџет | - Човечки ресурси …………...255.000 денари<br>- Оперативни трошоци ………. 64.500 денари<br>- Директни трошоци …………450.000 денари<br>- Вкупно ………………………769.500 денари |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставени се докази за трошоците во финансискиот извештај |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот, правилно и навремено се информирани жителите на општина Шуто Оризари за мерките за превенција и заштита од последиците од Ковид-19 и обезбедуена е материјална поддршка на 200 ромски семејства кои се надвор од социјалниот систем на заштита. |

| 16. Име на здружението: **Здружение за перспективна интеграција и развој „Рома Перспектив“ Прилеп** | |
|---|---|
| ПРОЕКТ: Со грижа до намалување на глад, стрес и образовни потреби за време на Ковид 19 | |
| Висина на грант: 484.875 денари | |
| Цел на проектот | Да се намали потребата од ризик на немање на храна и хигиенски потреби во услови на пандемија. Зголемување на психолошката поддршка на социјалните семејства кои живеат во супстандардни услови како и обезбедување на услови за следење на настава на децата од социјално ранлива категорија. |
| Активности | - Подготовка на база и список на лица од социјален ризик<br>- Подготовка на документација и барања за понуди за основни намирници, храна, прибор, ранци и таблети. Избор на најповолни понудувачи<br>- Психолошка поддршка на жени Ромки |

| | |
|---|---|
| | - Подготовка на промотивен материјал<br>- Доделување на 100 пакети со основни намирници со храна<br>- Работилница со жени и девојки Ромки за психолошка поддршка и советување за заштита од Ковид-19 (online средба на 20.7.2020 год. „Женско здравје и влијание на стрес за време на Ковид-19“ и средба во просториите на корисникот на 29.7.2020 год.)<br>- Обука на родители за користење на апликацијата Zoom<br>- Доделување на училишни ранци со училишен прибор<br>- Доделување таблети за ученици кои следат онлајн настава |
| Резултати | Доделени се 100 пакети со храна и основни намирници на социјално загрозени семејства. Доделени се 63 ранци со училишен прибор на деца од социјално загрозени семејства кои следат училишна настава со физичко присуство. Доделени се 84 таблети на деца од социјално загрозени семејства кои следат училишна настава онлајн. 260 едукативни плакати се поделени и 50 плакати се залепени на јавни места во населбата Тризла 2. |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапувања од планираните активности. |
| Времетраење на проектот | Јули– Септември 2020 година |
| Буџет | - Човечки ресурси ....................30.000 денари<br>- Оперативни трошоци ..............1.475 денари<br>- Директни трошоци ...............453.400 денари<br>- Вкупно .................................484.875 денари |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставени се докази за трошоците во финансискиот извештај. |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Целта на проектот е постигната, граѓаните се едуцирани и информирани за заштита од Ковид-19 вирусот, понудена е психолошка поддршка на жени Ромки, доделени се ранци и училишен прибор за ученици кои следат настава со физичко присуство, доделени се таблети на учениците кои следат онлајн настава, доделени се пакети со храна и хигиенски средства на 100 социјално загрозени семејства. Здружението во иднина со соработка на училиштето Добре Јованоски ќе ја следи редовноста на учениците на кои им се доделени ранци и таблети и ќе продоли да се залага за децата да ја следат училишната настава. |

| | |
|---|---|
| 17. Име на здружението: **Здружение за едукација ВЛАЗНИЈА Куманово** | |
| ПРОЕКТ: Подршка и асистенција за учениците за онлине учење | |
| Висина на грант: 810.000 денари | |
| Цел на проектот | Подобрување на едукативниот процес, создавање на еднакви можности за онлајн учење, како и подигање на свеста за Ковид-19 на децата на социјално загрозените семејства. |
| Активности | - Набавување на таблети<br>- Организирање на две предавања за Ковид-19 (30.09 и 1.10.2020 год. за 180 лица-ученици кои добија таблети и нивните семејства) |

| | |
|---|---|
| | - Организирање на завршен настан за доделување на таблетите<br>- Дизајн и изработка на пано и банер за настаните<br>- Дизајнирање на инфографици<br>- Маркетинг и ПР |
| Резултати | Доделени се 72 таблети на деца од социјално загрозени семејства во општините Куманово и Липково кои следат училишна настава онлајн, извршена е едукација и информирање на децата и нивните родители за Коронавирусот Ковид-19. |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапувања од планираните активности. |
| Времетраење на проектот | 01.08.2020 - 01.10.2020 година |
| Буџет | - Човечки ресурси ........................84.428 денари<br>- Оперативни трошоци ...............43.012 денари<br>- Директни трошоци .................682.560 денари<br>- Вкупно .....................................810.000 денари<br>Вкупно потрошени средства се 821.113 денари, од кои 11.113 денари се сопствено учество на корисникот. |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставени се докази за трошоците во финансисиот извештај |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Целта на проектот е постигната, 72 социјално загрозени семејства во општините Куманово и Липково добија помош за онлајн учење за нивните деца, едуцирани се и информирани за заштита од Ковид-19. Одржливоста на проектот се гледа со тоа што децата со помош на добиените таблети ќе продолжат редовно да ја следат училишната настава и по завршувањето на проектот се додека не се надмине пандемијата со Ковид-19. |

| | |
|---|---|
| 18. Име на здружението: **Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија Велес** | |
| ПРОЕКТ: Анализа на политиките кои се однесуваат на финансирањето на локалната власт | |
| Висина на грант: 810.000 денари | |
| Цел на проектот | Анализа на влијанието на уредбите со законска сила кои се однесуваат на финансирањето на ЕЛС и поддршка на работењето на ЕЛС и други заинтересирани страни. |
| Активности | - избор на експерти<br>-анализа на уредби со законска сила донесени во тек на вондредна состојба<br>-телефонско интервју<br>-анализа на состојба со постапување на ЕЛС во врска со финансирањето - интернет истражување<br>-анализа на сите податоци<br>- подготовка на публикација<br>-бесплатни консултации<br>-извештај за реализирани активности |
| Резултати | -изработен преглед на уредби со законска сила донесени во |

| | |
|---|---|
| | вондредната состојба<br>-изработена анализа и публикација „Анализа на политиките кои се однесуваат на финансирање на локалната власт“, на македонски и албански јазик<br>-одговорени 38 прашања поврзани со финансирањето на ЕЛС и буџетски корисници |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапување од планираните активности |
| Времетраење на проектот | 1.07.2020-31.12.2020 година |
| Буџет | - Човечки ресурси .................330.000 денари<br>- Оперативни трошоци ...........40.000 денари<br>- Директни трошоци ............440.000 денари<br>- Вкупно ................................810.000 денари<br>Вкупната вредност на проектот е 1.067.617 денари |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставена е детална документација со докази за трошоците во финансискиот извештај |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се посакуваните цели и очекувањата од проектот. Спроведувањето на проектот покажа дека институциите на централно и локално ниво можат да ги подобрат активностите за брзо преструктуирање и реорганизирање на работата во услови на вонредна и кризна состојба, со обезбедување соодветна информатичка опрема и обучен кадар. |

| 19. Име на здружението: **Здружение на граѓани Милениум с.Слатино Теарце** | |
|---|---|
| ПРОЕКТ: Развој на локалниот пазар преку градење на капацитети и користење на онлајн алатки | |
| Висина на грант: 810.000 денари | |
| Цел на проектот | Развој на капацитети кај младите, невработените, маргинализираните групи, млади претприемачи и жени од руралните средини за развој на локалниот /руралниот пазар во време на криза со КОВИД 19 и после кризата, преку создавање услови за користење на нови технологии и капацитети и спроведување онлајн продажби на производи или услуги од руралните средини. |
| Активности | - Кампања за бенефити на домашни производи од Полошкиот регион<br>- Онлајн обука 1 + Менторство, Обука за претприемништво за млади, невработени заинтересирани за стартување сопствен бизнис, жени, земјоделци, работници/чки кои се дел од неформалната економија<br>- Онлајн обука 2, за користење на онлине продажба<br>- Онлајн обука 3,за создавање онлине кампања<br>- Веб апликација (онлајн пазар), заедничка апликација за промоција на Полошкиот регион<br>- 10 онлајн продавници + Менторство (10 веб-страни за 10 нови компании) |
| Резултати | - Информирани млади преку презентациите од професионални кадри од областа на економија, земјоделство, рурален туризам, како универзитетски професори, претставници на НВО и од |

| | |
|---|---|
| | државни институции, како и објавите на интернет. Број на учесници на презентациите – 1000 луѓе.<br>- Обучени млади граѓани за бизнис план, маркетинг, онлајн маркетинг, кои се заинтересирани за земјоделие. Број на учесници – 100 луѓе.<br>- Обучени млади луѓе за користење на платформа за онлајн продажба. Број на учесници – 100 луѓе.<br>- Обучени кандидати за дигитален маркетинг. Број на учесници – 100 луѓе.<br>- Создаден е онлајн “шоп“ за сите заинтересирани за онлајн продажба за продуктите кои треба да ги продаваат преку заедничка апликација за промоција на Полошкиот регион, производи и услуги, без ограничување на бројот на публикации. Број на учесници – 20 луѓе.<br>- Обучени се 10 учесници од 10 компании кои работат за создавање на веб страни или поточно 10 онлајн продавници, со менторство (за сите фази на развој, од дизајн, организација, имплементација, ажурирање, тестирање, до пуштање во употреба на веб страната), менторите помагаа во ажурирање на содржината и реализација на продажбата. |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапувања од планираните активности, освен што дел од обуките предвидени да се одржат онлајн, поради интересот на кандидатите биле реализирани со физичко присуство. |
| Времетраење на проектот | 01.07.2020 – 31.12.2020 година |
| Буџет | - Човечки ресурси ................ 205.390 денари<br>- Оперативни трошоци ............81.834 денари<br>- Директни трошоци ..............522.776 денари<br>- Вкупно ................................810.000 денари |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | При реализација на активностите има пренамена на средства помеѓу буџетските ставки, но во границите на одобрениот буџет на проектот. Доставени се докази за трошоците во финансискиот извештај (договори за соработка и изводи за промена на состојбата на банкарската сметка, во делот на човечки ресурси и 3фактури од 2.7.2020 година, во вкупна вредност од 335.000, со ист изведувач, за изработка на 3 веб апликации). |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Во Завршниот извештај е наведено дека се постигнати целите на проектот, со укажување дека дел од обуките предвидени да се одржат онлајн, поради интересот на кандидатите биле реализирани со физичко присуство.<br>Во прилог на извештајот не се доставени листи на учесници или фотодокументација од одржани обуки, за да се утврди степенот на постигнување на целите и одржливост на проектот. |

| |
|---|
| 20. Име на здружението: **Здружение на граѓани СОС Детско село Северна Македонија Скопје** |
| ПРОЕКТ: Поддршка на маргинализирани семејства во време на Ковид 19 |
| Висина на грант: 739.440 денари |

| | |
|---|---|
| Цел на проектот | Подобрување на основните животни услови на маргинализираните семејства во време на Ковид-19 пандемија. |
| Активности | - Дистрибуција на хуманитарни пакети<br>- Изработка на информативна брошура за заштита од Ковид-19 „Ајде да ги заштитиме своите семејства и заедници од коронавирусот" на македонски и албански јазик и нејзино дистрибуирање до СОС центрите за зајакнување на семејствата во Шуто Оризари и Гази Баба<br>- Средби за информирање, советување и упатување кон мерките за социјална заштита поврзани со Ковид-19 |
| Резултати | - 73 маргинализирани семејства на територија на град Скопје добија по два хуманитарни пакети со прехрамбени продукти и средства за хигиена и заштита од Ковид-19<br>- Истиот број на семејства беше информиран за начинот на заштита од Ковид-19<br>- 59 маргинализирани семејства беа советувани од социјален работник и добија насоки за користење на мерките за социјална заштита и мерките поврзани со Ковид-19. |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапувања од планираните активности |
| Времетраење на проектот | 01.07.2020 - 31.12.2020 година |
| Буџет | - Човечки ресурси ..........................161.064 денари<br>- Оперативни трошоци ....................58.308 денари<br>- Директни трошоци ......................507.456 денари<br>- Вкупно .........................................726.828 денари<br>Неискоритените средства во висина од 12.612 денари се вратени во Буџетот на 31.12.2020 година |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставени се докази за трошоците во финансискиот извештај |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Целта на проектот е постигната. Преку овој проектот, корисникот доби подобар увид и дополнителни информации за состојбата на маргинализираните семејства на подрачјето на град Скопје и нивните потреби и овозможи комуникација на секое од семејствата со социјален работник. Одржливоста на проектот се согледува во тоа што маргинализираните семејства имаат можност да бидат корисници на идна поддршка и услуги на СОС Детско село. |

| | |
|---|---|
| 21. Име на здружението: **Здружение за истражување на пазарот на труд во функција на мултиетничката толеранција ПРОФИЦИО Скопје** | |
| ПРОЕКТ: Заедно за безбедно лето – информации и насоки за предизвиците и безбедносните протоколи за заштита од Ковид-19 | |
| Висина на грант: 683.100 денари | |
| Цел на проектот | Намалување на ризикот за пренесување на Ковид-19 и зголемување на безбедноста на посетителите на општина Дојран. |
| Активности | - Изработка  и делење на информативен материјал<br>- Предавање за туристичките работници (21.8.2020 год.)<br>- 6 Предавања за издавачите на соби, апартмани и куќи |

| | |
|---|---|
| | - Обезбедување на заштитни средства<br>- Изготвување на анкетен лист за посетителите на општина Дојран (1.7 – 30.9.2020 год.)<br>-Изработка на инфографици за следење на безбедносните протоколи. |
| Резултати | Изработени се 14.000 флаери, 100 плакати и 500 брошури и дистрибуирани се во угостителските објекти и на случајни минувачи. Реализирани се предавања за 25 туристички работници за безбедносните протоколи и за заштита на туристичките работници, како и за 140 издавачи на соби, апартмани и куќи, за правила за работа, дезинфекција и заштита при пристигнување и престој на гостите. |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапувања од планираните активности. |
| Времетраење на проектот | 01.07.2020 – 31.10.2020 година |
| Буџет | - Човечки ресурси ...................190.000 денари<br>- Оперативни трошоци .............2.692 денари<br>- Директни трошоци ..............488.678 денари<br>- Вкупно .................................681.370 денари<br>Неискористените средства во висина од 1.710 денари се вратени во Буџетот на 1.2.2021 год. |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставени се докази за трошоците во финансискиот извештај |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Целта на проектот е постигната. Одржливоста на проектот се гледа во соработката на корисникот со општина Дојран, согласно Меморандум за соработка потпишан на 26.6.2020 година. |

| 22. Име на здружението: **Здружение на граѓани Ресурсен Центар на родители на деца со посебни потреби Скопје** | |
|---|---|
| ПРОЕКТ: Среќно лице – заштитено лице! | |
| Висина на грант: 793.800 денари | |
| Цел на проектот | Подобрување на семејната стабилност преку јакнење на капацитетите и потенцијалите на родителите на децата со попреченост за соочување и справување со стрес и криза, предизвикани од пандемијата со Ковид-19 и преку едукации унапредување на семејното фукнционирање во периоди на епидемии од заразни болести во иднина. |
| Активности | - Организирање на состанок со градоначалниците на општините Велес и Гостивар и потпишување на Меморандуми на соработка.<br>- Избор на четири психолози, нивна обука за спроведување на индивидуална психо-социјална подршка на родителите на деца со попреченост која ќе се реализира онлајн.<br>- Регионалните координатори на РЦ ги контактираа родителите на кои ќе им се обезбедува психо-социјалната подршка и ги креираат |

| | |
|---|---|
| | групите врз основа на ниво на итност и загрозеност.<br>- Изготвување на листи за евиденција и краток извештај за секоја одржана психо-социјална поддршка од страна на психолозите.<br>- Набавка на заштитни средства и подготвување на пакети за родителите на деца со попреченост.<br>- Изработка на флаери и дистрибуција на 100 пакетите до родителите на деца со попреченост, кои спаѓаат и во групата на социјално загрозени семејства.<br>- Подготвување на едукација и презентација наменета за родители на деца со попреченост со цел унапредување на семејното функционирање во периоди на епидемии од заразни болести во иднина и начините на заштита на здравјето на семејството. |
| Резултати | Потпишан е Меморандуми на соработка со општина Велес, а соработката со општина Гостивар се темели врз меморандум од 2018 година, избрани и обучени 4 психолози кои ја реализираа психо-социјалната поддршка на родителите на деца со попречености (опфат 100 семејства, по 50 во секоја општина). До 100 семејства на деца со попреченост во општините Гостивар и Велес се доставени флаери и пакети со заштитни средства. |
| Отстапување од планираните активности | Не е наведено |
| Времетраење на проектот | 20.06.2020 - 31.12.2020 година. |
| Буџет | - Човечки ресурси ............................ 205.200 денари<br>- Оперативни трошоци ....................... 59.111 денари<br>- Директни трошоци.......................... 526.497 денари<br>- Вкупни трошоци ...................... 790.808 денари<br>Неискористените средства во висина од 2.992 денари се вратени во Буџетот на 26.4.2021 година. |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставена се докази за трошоците во финансискиот извештај. Поради лекување и изолација од Ковид-19 на одговорното лице за финансиски работи, четири фактури, во вкупна вредност од 29.244 денари, се исплатени на 5.1.2021 година, но профактурите се издадени во периодот на спроведување на проектот до 31.12.2020 година. Не се доставени листи на учесници или извештаи од психо-социјалната поддршка, ниту листи за предавање на пакети со заштитни средства. |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот. Одржливоста на проектот се согледува преку потпишаните Меморандуми на соработка со општините Велес и Гостивар, обезбедување континуира едукација на родители на деца со попреченост и бесплатна психо-социјална поддршка на овие семејства. |

| |
|---|
| 23. Име на здружението: **Здружение Младински Форум за Соработка Скопје** |
| ПРОЕКТ: Туристичка интерактивна платформа и апликација за корисници на ваучери за помош во туризмот од Владата на Република Северна Македонија |
| Висина на грант: 641.700 денари |

| | |
|---|---|
| Цел на проектот | Воведување туристичка интерактивна платформа и апликација за корисници на ваучери за помош во туризмот од Владата на Република Северна Македонија, како компјутерска програма со специфична лична, едукативна и деловна функција. |
| Активности | - Подготовка<br>- Внесување на податоци на туристички оператори и изработка на промотивен материјал.<br>- Маркетинг промотивна кампања. |
| Резултати | Внесени се податоци на преку 3000 туристички оператори кои примаат ваучери, редизајниран е сајт www.evergreenmacedonia.mk, снимен видео спот, направен банер, изготвена и лансирана маркетинг кампања на интернет и на социјалните медиум (Facebook), како и на локалните телевизии. Бројот на учесници директно информирани за кампањата преку рекламирање на локални ТВ станици, разгледување на сајтот, социјалните медиуми на здружението, се 20.202 интеракции со рекламата, 5.400 директна поврзаност со сајтот преку рекламата, 302.121 посети на страницата и 50.000 интеракции со спотовите. |
| Отстапување од планираните активности | Не е наведено |
| Времетраење на проектот | 06.2020 - 09.2020 година |
| Буџет | - Човечки ресурси .............................. 200.000 денари<br>- Оперативни трошоци ...................... 197.011 денари<br>- Директни трошоци........................... 244.689 денари<br>- Вкупни трошоци ................................641.700 денари |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставена се докази за трошоците во финансискиот извештај |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот. Креирана е мобилна апликација и веб страница evergreenmacedonia.mk за добивање на информации за престој и употреба на ваучерите за помош во туризмот, кои во текот на 2020 година се користеле од граѓаните и туристичките оператори. Во однос на одржливост на проектот, се прават подготвки за внесување податоци за повеќе оператори за летото 2021 год. |

| | |
|---|---|
| 24. Име на здружението: **Здружение за борба против рак Борка За секој нов ден Скопје** | |
| ПРОЕКТ: Грижа за пациентите со карцином за време на пандемијата COVID-19 | |
| Висина на грант: 795.434 денари | |
| Цел на проектот | Директна поддршка и помош во надминување на кризата со Ковид-19 кај пациентите заболени од малигна болест во Република Северна Македонија. |
| Активности | - Едукација на персоналот и на лицата кои ќе ги спроведуваат активностите од проектот.<br>- Креирање на протокол за работа за активистите на БОРКА кои ќе работат директно со пациентите (доставување на лекови и перики).<br>- Креирање на онлајн “Платформа за пациентит со малигни заболувања во ситуација на Ковид-19 на страната на здружението |

| | |
|---|---|
| | - Постојано ажурирање на платформата со нови информации<br>- Комуникација и состаноци со претставници од институциите (Клиника за онкологија, Клиника за хематологија и др.) и дефинирање на начините на соработка.<br>- Иницирање на создавање на нови протоколи, и дисперзирана дистрибуција на таблетарна терапија во здравствените институции во Северна Македонија.<br>- Информирање на пациентите за активностите за помош при дистрибуција на онколошка таблетарна терапија.<br>- Дисперзирана дистрибуција на терапија на пациентите со малигни заболувања на ниво на цела држава а со тоа и на услугите од клиниките во сите општини.<br>- Одржување средби со менаџери на здравствени институции за начините на функционирање на скрининг програмите.<br>- Комуникација со европски здруженија за соработка и споделување на искуствата со Ковид-19.<br>- Подготовка на Анкета за влијание на Ковид-19 и пациентите со малигни заболувања.<br>- Подготовка и печатење на "Водич за пациенти со малигни заболувања со основни информации за Ковид-19"<br>- Печатење на водичот во 500 примероци и негова дистрибуција низ клиниките. Функционирање на СОС линии за помош и поддршка на пациенти те со рак и нивните семејства.<br>- Одржување на онлајн групи за поддршка со психотерапевт.<br>- Организирање на вебинари и онлајн едукации со доктори<br>- Организирање на онлајн културни активности (натпревар за најдобра поезија, говење, цртање и сл)<br>- Набавка на нови 20 перики. |
| Резултати | На пациентите им се обезбеди континуирана поддршка во однос на информации и едукација во состојба на Ковид-19, дадена е психолошка помош и поддршка, совети за надминување на кризата и приспособување на новонастанатата состојба со Ковид-19. Изработен е протокол за работа со пациенти со малигни заболувања за активистите на БОРКА кои ќе работат директно со пациентите, набавена е заштитна опрема и средства за дезинфекција.<br>Креирана интернет платформа за пациентите со малигни заболувања во ситуација на Ковид-19 на веб страната на Борка, објавен водич за пациенти со малигни болести http://borka.org.mk/kovid19/, спроведена кампања на социјалните медиуми со досег до 300.000 прегледи.<br>Обезбедени се 130 пациенти со таблетарна терапија низ целата држава и повеќе од 100 други услуги кон пациенти со малигни заболувања во услови на Ковид-19.<br>Примени преку 1550 повици на СОС телефонската линија.<br>Доделени 75 перики на жени кои примаат хемотерапија, бесплатно со предност на жени со лош социјален статус.<br>Набавени 25 нови перики и 10 ракавици за лимфадема. |
| Отстапување од планираните активности | Одложување на дел од активностите поради боледување од Ковид-19 на проект менаџерот и проект координаторот. |
| Времетраење на | 1.07.2021 - 31.12.2021година |

| | |
|---|---|
| проектот | |
| Буџет | - Човечки ресурси .......................... 812.849 денари<br>- Оперативни трошоци .................... 62.300 денари<br>- Директни трошоци........................ 354.279 денари<br>- Вкупни трошоци ........................1.229.428 денари, од кои 433.994 денари сопствено учество на корисникот |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставени се докази за трошоците во финансискиот извештај |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот, голема е потребата за информирање и едукација на пациентите со карцином во состојбата со КОВИД-19, давање на психосоцијална помош и поддршка и совети за надминување на. Постигнати се преелиминарни договори со Министерството за здравство за продолжување на таблетарната терапија и дисперзија на здравствените услуги во останатите градови на нашата земја за да пациентите на бидат оставени без услугата и помошта која им е овозможена од овој проект. |

| | |
|---|---|
| 25. Име на здружението: **Здружение на граѓани Хуманитарна организација Организата Хуманитаре Калири и миресисе Скопје** | |
| ПРОЕКТ: Прехрамбени и санитарни пакети за ранливи категории | |
| Висина на грант: 731.896 денари | |
| Цел на проектот | Ублажување на социо-економската состојба на 300 семејства од категоријата загрозени семејства во период од 2 месеци |
| Активности | - Идентификација на загрозените семејства, со поддршка од локалната самоуправа<br>- Утврдување на фактичката состојба на семејствата директно на теренот<br>- Распределба на помошта во период од 2 месеци |
| Резултати | Доставена е помош во пакети со прехранбени и санитетски производи до 300 загрозени семејства од базата на податоци на здружението, на подрачјето на град Скопје (општини Чаир, Шуто Оризари, Сарај, Студеничани, Арачиново, Гази Баба, Илинден и Петровец) |
| Отстапување од планираните активности | Не е наведено |
| Времетраење на проектот | 25.06.2020 - 25.08.2020 година |
| Буџет | - Човечки ресурси .......................... 139.300 денари<br>- Оперативни трошоци .................... 52.686 денари<br>- Директни трошоци...................... 593.070 денари<br>- Вкупни трошоци .................... 785.056 денари, од кои 53.160 денари сопствено учество на корисникот |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставени се докази за трошоците во финансискиот извештај (изводи од банка и фактури), но во делот човечки ресурси доставени се налози ПП30 без договори за ангажирање на проектен раководител, координатор и соработници) |

| | |
|---|---|
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот, доставена е помош до 300 загрозени семејства на подрачјето на град Скопје, но потребна е понатамошна поддршка и помош на овие семејства и во иднина. |

| 26. Име на здружението: **Здружение за млади и култура Креативни и Активни Струга** | |
|---|---|
| ПРОЕКТ: Кампања мерки и препораки – COVID-19 | |
| Висина на грант: 809.550 денари | |
| Цел на проектот | Подигање на свеста кај населението за почитување и правилна примена на мерките и препораките за заштита од Covid-19, преку едукација на граѓаните, локалната самоуправа и бизнис заедницата. |
| Активности | - Кампања за подигање на свеста за мерките и препораките на државните институции за спречување на ширењето на коронавирусот COVID-19<br>- Едукација за справување со дезинформации, лажни вести, стигматизација и говор на омраза<br>- Маркетинг промотивна кампања.<br>- Биди здрав, биди фит - онлајн модули за физичка активност |
| Резултати | - Подготвен е аудио и видео запис со информации за мерките и препораките на државните институции, особено мерката за самоизолација и задолжително носење на заштитна опрема на лицето. Во реализација на ова активност се вклучија граѓани од различна возраст, пол, етничка припадност, како и пофесија, граѓани кои се познати за јавноста по нивните професии како фудбалер, доктор, водители, фото модел.<br>- Подготвени се 8 онлине модули како да се справува со дезинформации, лажни вести, стигматизација и говор на омраза во социјалните мрежи и портали. Модулите се споделени на социјалните мрежи, различни портали и до сите медиуми на регионално ниво, а се достапни на македонски и албански јазик.<br>- Реализирани се 12 онлајн модули со совети, подршка и вежби за физичка активност. Модулите се промовирани преку социјалните мрежи и на националната телевизија АлсатМ во период Октомври, Ноември и Декември 2020.<br>http://creativeactive.org/campaign-measures-and-recommendations-covid-19/<br>https://www.facebook.com/SocialClubKombinati<br>https://www.youtube.com/watch?v=o_p7DJwqfVI&feature=emb_err_woyt<br>https://fb.watch/3ibrfGDkZV/ |
| Отстапување од планираните активности | Не е наведено |
| Времетраење на проектот | 20.06.2020 - 31.12.2020 година |
| Буџет | - Човечки ресурси ............................. 198.000 денари<br>- Оперативни трошоци ....................... 153.000 денари<br>- Директни трошоци........................... 503.555 денари |

| | |
|---|---|
| | - Вкупни трошоци ............................ 854.555 денари, од кои 45.005 денари сопствено учество на корисникот |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставени се докази за трошоците во финансискиот извештај |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот, преку подигнување на свеста кај населението за почитување и правилна примена на мерките и препораките за заштита од Covid-19, едукација на граѓаните, локалната самоуправа и бизнис заедницата. Организацијата ќе продолжи да ги почитува мерките и препораките на релевантните институции, и истите ќе ги промовира при реализација на идни проектни активности. |

| | |
|---|---|
| 27. Име на здружението: **Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство - Глас против насилство Скопје** | |
| ПРОЕКТ: Помош и поддршка на жртви на семејно насилство во пост-кризен период | |
| Висина на грант: 810.000 денари | |
| Цел на проектот | Унапредување на системот на заштита, пристапот до информации и директната помош и поддршка за жртвите на семејно насилство во пост-кризен период. |
| Активности | - Информирање на жртви на семејно насилство<br>- Директна помош и поддршка на жртви на семејно насилство (психосоцијално и правно советување и поддршка, менторство при работи и меки вештини, хуманитарни пакети за жени жртви на семејно насилство кои се во социјален ризик)<br>- Анализа на документи за унапредување на системот на заштита на жени жртви на семејно насилство (Препораки за унапредување на активните мерки и програми за вработување и Ефектите од препораките на Владата за заштита од Ковид-19 врз жените жртви на насилство) . |
| Резултати | - Обезбедени се 1128 услуги (187 услуги психолошка помош и 826 услуги од социјален работник) како директна помош на 122 жени жртви на семејно насилство и нивните деца (152), кои добиле помош, советување и поддршка, како и информации за достапноста на специјализираните сервиси на национално ниво.<br>- Изработени и дистрибуирани се 500 постери и 10.000 стикери со информации за појавување на семејно насилство и помош и поддршка во услови на криза<br>- Подготвена е публикација „Препораки за унапредување на можностите за вработување на жени жртви на семејно насилство“ и испечатена во 50 примероци<br>- Обезбедени се 20 хуманитарни пакети за жени жртви на семејно насилство. |
| Отстапување од планираните активности | Намален е бројот на печатени постери од 2.000 на 500, а зголемен е бројот на печатени стикери од 3.000 на 10.000 како попрактичен и полесно достапен информативен материјал. |
| Времетраење на проектот | 1.07.2020 - 31.12.2020 година |
| Буџет | - Човечки ресурси ............................ 144.000 денари |

| | |
|---|---|
| | - Оперативни трошоци ...................... 17.810 денари<br>- Директни трошоци......................... 647.083 денари<br>- Вкупни трошоци ..............................808.893 денари<br>Неискористените средства во висина од 1.107 денари се вратени во Буџетот на 27.1.2021 година. |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставени се докази за трошоците во финансискиот извештај |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одрживост на проектот | Постигнати се целите на проектот, обезбедени се 1128 усуги, како директна помош на 122 жени жртви на семејно насилство и нивните деца (152), кои добиле помош, советување и поддршка, како и информации за достапноста на специјализираните сервиси на национално ниво. Распределени се материјали со клучни информации и насоки за пријавување на семејното насилство. Подготвена е анализа која ги содржи клучните наоди и препораки за унапредување на активните мерки и програми за вработување на жртвите на семејно насилство. Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство својата работа ја фокусира на обезбедување на достапни и одржливи сервиси за жртвите на родово засновано насилство, вклучувајќи и семејно насилство, како и креирање на политики кои се родово сензитивни и влијаат на подобрување на состојбата на жртвите нивно економско јакнење и осамостојување во насока на напуштање на насилната средина. Сите анализи и искуства од овој проект ќе бидат искористени за отпочнување на истиот процес и во другите региони во насока на обезбедување на помош и поддршка на жените жртви на семејно и интимно партнерско насилство. |

| | |
|---|---|
| 28. Име на здружението: **Здружение за поттикнување и промоција на информатиката Асоцијација на студенти иинформатичари Скопје** | |
| ПРОЕКТ: УБАВИНИ.мк (ubavini.mk) | |
| Висина на грант: 810.000 денари | |
| Цел на проектот | Промоција на националните знаменитости, туристичките места и националното културно богатство, зголемување на достапноста на информации кои се од интерес на сите вклучени во туризмот, бесплатна поддршка (место) за промовирале угостителските објекти, хотелските сместувања, музеите и др.и зголемување на намалената активност на туристичките дестинации поради вонредната состојба настаната од Коронавирусот. |
| Активности | - Изработка и имплементација на софтвер за автоматско ажурирање на туристичките дестинации<br>- Имплементирање на софтвер за кориснички профили за угостителските објекти и туристичките места<br>- Изработка и имплементација на софтверска апликација за достапност на туристички агенции и нивни тури низ туристичките места кон нашата држава<br>- Автоматско известување на сите заинтересирани граѓани за промоции и нови информации поврзани со туризмот<br>- Изработка на рекламни спотови кои ќе бидат достапни на |

| | |
|---|---|
| | платформата за промоција на најпопуларните туристички места во Република Северна Македонија<br>- Апликација за занимливости на одредено туристичко место или „ТОП 10“ |
| Резултати | – Зголемување на комуникацијата помеѓу туристичките оператори и граѓаните на Република Северна Македонија за достапноста на туристичките центри во нашата држава<br>– Автоматизирано известување за достапни тури низ туристичките центри до сите заинтересирани<br>- Едукација преку платформата УБАВИНИ.мк на граѓаните за убавините на нашата татковина и промоција на природните убавини, туристичките места, локалитетите, културното богатство, развивањето на селскиот и планинскиот туризам. |
| Отстапување од планираните активности | Не е наведено |
| Времетраење на проектот | 25.06.2020 - 26.12.2020 година |
| Буџет | - Човечки ресурси ........................... 462.000 денари<br>- Оперативни трошоци .................. 176.300 денари<br>- Директни трошоци......................... 174.000 денари<br>- Вкупни трошоци ........................812.300 денари, од кои 2.300 денари сопствено учество на корисникот |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставени се фактури, договори за ангажирање и авторски договори, но нема изводи од банка како доказ за извршена исплата. Има фактури во кои не е наведен вид и количина на производот, само опис  (на пример, „промотивни материјали “ или „изработка на рекламни спотови кои ќе бидат достапни на платформата за промоција на најпопуларните туристички места во Р.С.Македонија“) |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Целта на веб платформата УБАВИНИ.мк е да се овозможи брз пренос на информациите до крајниот корисник, промовирање и закрепнување на туризмот од последиците на КОВИД-19 во државата. Но, Завршниот извештај не содржи квантифицирани податоци за мерење на резултатите (број на туристички оператори претставени на платформата, број на граѓани што ја посетиле платформата или користеле услги). За време на проверката на извештајот (март-април 2021 година), платформата ubavini.mk не е достапна. |

| | |
|---|---|
| 29. Име на здружението: **Фондација за промовирање на иновативно учење, едукација и личен развој СТЕМ АКАДЕМИЈА Скопје** | |
| ПРОЕКТ: On line Лего базирана терапија – зрак надеж за иднината | |
| Висина на грант: 803.250 денари | |
| Цел на проектот | Создавање услови за децата со нарушувања од аутистичниот спектар да продолжат да посетуваат светски признатата методологија на LEGO® базираната терапија за социјален развој, како и когнитивна и бихеврална поддршка на родителите за надминување на моменталната “КОВИД“ психолошка состојба, без да се загрозат здравјето и |

| | |
|---|---|
| | безбедноста на истите. |
| Активности | - Промоција на активностите на Lego клубот и Центарот за деца со аутизам, промоција на Lego базираната терапија, зачленување на децата кои би ја добивале истата.<br>- Прилагодување на програмата за далечинско изведување<br>- Изведување на Lego базираната терапија online (над 60 часови, секој час во траење од 65 минути и најмалку 20 сесии со родителите за намалување на нивната состојба на анксиозност и страв). |
| Резултати | Пуштени се платени реклами на социјалните мрежи (Facebook) за промоција на активности и постирани 4 објаснувачки постови на ФБ страната на СТЕМ Академија. Родителите се согласиле да продолжат со наставната терапија online и изнајден е најсоодветен начин за изведување на часовите за далечинско учење. Пријавени се уште 10 деца кои за прв пат се сретнуваат со овој начин на работа, но и со овој вид на терапија. Сите деца и во второто полугодие од оваа учебна година продолжиле да ја следат наставата во СТЕМ Академија со исто темпо, стипендирани од страна на здружението. Прилагодени се над 200 пишани материјали во дигитална форма, со формат за работа со деца со атипичен развој. Прилагодени се 40 планови за часови и работните листови ажурирани и изработени за далечинска настава. Изработени се 40 работни листови со кои едукаторите ја следат работата на децата во домашната средина. Набавени, селектирани и дистрибуирани кај децата 40 LEGO® сетови. Реализирани над 60 часови со различни едукатори. Набавени и инсталирани се 7 лаптоп компјутери како и прилагодени и администратирани за онлајн настава (прилагодување на cloud сервисите, организација на материјалите и нивна безбедност). Набавени се 6 лиценци за платформи, преку кои се одржува online наставата, вклучително и лиценците за ЗООМ, но и лиценците за едукативните платформи за KODABLE и CODERZ програмот. |
| Отстапување од планираните активности | Не е наведено |
| Времетраење на проектот | 25.06.2020 - 25.11.2020 година. |
| Буџет | - Човечки ресурси ................................ 701.331 денари<br>- Оперативни трошоци .......................... 90.278 денари<br>- Директни трошоци............................. 372.828 денари<br>- Вкупни трошоци ..........................1,164.437 денари, од кои 301.346 денари се сопствено учество на корисникот. |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставени се докази за трошоците во финансискиот извештај |
| Заклучоци за | Целите на проектот се постигнати. Иако бил присутен скептицизам, |

| | |
|---|---|
| постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | со правилен пристап и правилна комуникација, но и дефинирани правила може да се надмине и пред се да се овозможи децата да ја добијат неопходната поддршка за нивниот развој. Дел од децата кои ја посетуваа наставата според ЛЕГО базирана терапија беа вклучени и во редовните часови на СТЕМ Академија, каде почнаа да покажуваат одлични резултати во полето на дизајнирање на модели по зададени задачи, како и намалување на стресот од интеракција со други деца. СТЕМ Академија во целост ја разбира потребата од ваков клуб за поддршка на децата со атипичен развој, користејќи современи и докажани терапии како што е ЛЕГО базирана терапија, како и проблемите со кои родителите на овие деца се соочуваат. СТЕМ Академија водејќи се од потребата од континуирано работење со овие деца пред се да не се појави регрес и враќање на првобитната состојба кај децата, активно ги продолжува активностите, преку стипендирање на овие деца и нивно вклучување во рамките на регуларната настава на СТЕМ Академија и продолжување на активностите на ЛЕГО Клубот, каде активностите продолжуваат да се изведуваат од страна на едукаторите. Добар дел од овие активности, како и до сега, ќе продолжат да бидат финансирани од ресурсите на СТЕМ Академија. Фондацијата во рамките на својата мисија активно продолжува во изнаоѓање на спонзори и финансиери кои во рамките на нивните програми за корпоративно социјална одговорност можат да помогнат во развојот на децата. |

| | |
|---|---|
| 30. Име на здружението: **Здружение за одржлив развој и заштита на животната средина Гоу Грин Скопје** | |
| ПРОЕКТ: Растеме заедно | |
| Висина на грант: 565.441 денари | |
| Цел на проектот | Обезбедување на пристојни и безбедни услови за работа на собирачите на отпад, нивна заштита и едукација, како и интеграција во формализиран систем за управување со отпад |
| Активности | – Информирање и директна поддршка со хигиенски пакети на собирачите и нивните семејства<br>– Анализа и план за рути за собирање и станбени згради<br>- Воспоставување соработка со зградите<br>- Формулар за изразување интерес од згради и домаќинства<br>- Пристапување кон згради.<br>- Поставување на „зелени зони“ во станбените згради<br>- Собирање и мониторинг на процесот<br>- Комуникациска кампања<br>- Прашалник за евалуација на проектот |
| Резултати | - 44 собирачи на отпад се информирани за Ковид-19 и важноста на одржување хигиена, поделени им се хигиенски пакети<br>- Од пријавени 209 згради, анализиран е просторот и се поставени канти за хартија и пластика со едукативни постери на 46 згради (опфатени 1760 станови) |

| | |
|---|---|
| | - Вкупна количина на собрана пластика 2.405 кг и хартија 4.550 кг |
| Отстапување од планираните активности | Пандемијата влијаеше на пад на цената на пластиката и хартијата и имало тешкотии за сервисирање на зградите, што се надминало со промена на фирмата за рециклирање. Проблеми имало и при селектирањето на хартија и пластика. |
| Времетраење на проектот | 1.11.2019 - 30.04.2020 година |
| Буџет | - Вработени ................................ 353.430 денари<br>- Оперативни трошоци ............... 123.486 денари<br>- Директни трошоци...................... 93.221 денари<br>- Вкупно .......................................570.137 денари, од кои 4.725 денари се сопствено учество на корисникот |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставена е детална документација за трошоците во финансискиот извештај |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот. Долгорочно размислување, образование и вработување, не е карактеристично за поголемиот дел од собирачите на отпад. Од учесниците во проектот, 5 сакаат да го променат начинот на живот и да ги пратат децата на училиште и тие ќе бидат вработени во социјалното претпријатие „Реди рециклажа“. |

| | |
|---|---|
| 31. Име на здружението: **Здружение на слепи лица на град Штип, Штип** | |
| ПРОЕКТ: Приспособување на слепите лица од Источниот регион на тешките услови кои ги наметна кризата со COVID-19 | |
| Висина на грант: 629.820 денари | |
| Цел на проектот | Преку серија работилници, советувања и директна помош на слепите лица од трите општини од Источниот регион (Штип, Пробиштип и Радовиш) да се даде поддршка на овие лица да се приспособат на новонастанатите услови што ги наметна кризата со КОВИД 19. |
| Активности | - Формирање на проектниот тим и склучување на договори<br>- Анализа на пазарот на едукатори, социолози и психолози<br>- Анализа на пазарот на фирми од каде може да се набават средства за заштита (дезинфекција) и хуманитарни (санитарни) пакети.<br>- Склучување на потребни договори за работа (склучување на договор со еден правник, еден економист и еден социо-психолог)<br>- Склучување на договори за набавка на средства за дезинфекција , маски и ракавици, хуманитарни и санитарни пакети<br>- Одржување на прво економско и психомотивационо советување во Штип (5.9.2020 година, 26 учесници)<br>- Одржување на прво правно советување во Штип (12.9.2020 година, 20 учесници)<br>- Одржување на второ економско и психомотивационо советување во Штип (26.9.2020 година, 26 учесници)<br>- Одржување на второ правно советување во Штип (3.10.2020 година, 18 учесници) |

| | |
|---|---|
| | - Одржување на трето економско и психомотивационо советување во Пробиштип (17.10.2020 година, 23 учесници)<br>- Одржување на трето правно советување во Пробиштип (24.10.2020 година, 23 учесници)<br>- Одржување на четврто правно советување во Штип (31.10.2020 година, 30 учесници)<br>- Одржување на петто правно советување во Радовиш (7.11.2020 година, 23 учесници)<br>- Одржување на четврто економско и психомотивационо советување во Штип (14.11.2020 година, 30 учесници)<br>- Одржување на петто економско и психомотивационо советување во Радовиш (21.11.2020 година, 29 учесници)<br>- Набавка на 100 хуманитарни и санитарни пакети со средства за дезинфекција, средства за заштита, намирници и санитарни средства<br>- Поделба на 100 пакети на најранливите категории слепи лица (72 од општина Штип, 14 од општина Пробиштип и 14 од општина Радовиш) |
| Резултати | Преку одржани десет работилници се помогна на целната група подобро да се информира и да ги искористи економско-социјалнте мерки и политики на Владата. Со директна помош и поддршка во доделување на 100 хуманитарни и санитарни пакети наменети за секој член (слепо лице од регионот) се придонесе кон зголемување на довербата на оваа категорија на лица во институциите и полесно справување со економско-социјалните последици од кризата предизвикана со Ковид-19. |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапување од планираните активности |
| Времетраење на проектот | 19.06.2020 - 31.12.2020 година |
| Буџет | - Човечки ресурси ................................. 165.000 денари<br>- Оперативни трошоци ............................ 42.645 денари<br>- Директни трошоци............................. 421.108 денари<br>- Вкупни трошоци .................................628.753 денари<br>Неискористените средства во вкупен износ од 1.067 денари се вратени во Буџетот на 5.1.2021 година |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставена е детална документација со докази за трошоците во финансискиот извештај |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигна е целта на проектот, преку спроведување на серија работилници, советувања, директна помош и поддршка на слепите лица во Источниот регион за справување со последиците од Коронавирусот. Здружението воспостави соработка со претставници на локалната самоуправа на општините Штип, Пробиштип и |

| | |
|---|---|
| | Радовиш и ќе продолжи со активности, учество во емисии и дебати за подигање на свеста на локалните и националните власти за потребата од перманентна поддршка и помош на слепите лица. |

| | |
|---|---|
| 32. Име на здружението: **Здружение на граѓани Финанце Тхинк - Институт за економски истражувања и политики Скопје** | |
| ПРОЕКТ: Оценка на ефектите од Ковид-19 врз сиромаштијата, со фокус врз најранливите категории граѓани | |
| Висина на грант: 809.460 денари | |
| Цел на проектот | Да се процени ризикот од сиромаштија наметнат од Ковид-19 кризата, со посебен осврт кон групите најизложливи на социјален ризик, и да ја подигне информираноста и свесноста за искористување на мерката за олеснет влез во системот на гарантирана минимална помош. |
| Активности | - Ажурирање на МК-МОД<br>- Симулација на ефектот врз сиромаштијата во МК-МОД<br>- Оценка на диференцијалните ефекти врз избраните целни групи<br>- Оценка на фискалните ефекти од Уредбата за релаксирање на критериумите за стекнување гарантирана минимална помош<br>- Спроведување на најмалку 2 фокус групи (или 1 фокус група и 2 длабински интервјуа) со преставниците на групите најизложени на социјален ризик во услови на Ковид-19<br>- Подготовка и пишување Бриф за политиките „Ефектите од Ковид-19 врз сиромаштијата, со посебен осврт кон жените и младите во социјален ризик, неформалните работници, примателите на социјална помош и Ромите"<br>- Подготовка на конкретни предлози за интервенции на политиките, во смисла на понатамошно допрецизирање на Уредбата, други предлози и интервенции во Законот за социјална заштита, Законот за заштита на децата и Законот за осигурување во случај на невработеност<br>- Зголемување на информираноста и свесноста за ефектите од Ковид-19 врз конкретните целни групи, како и нивната информираност за олеснетите критериуми за влез во системот на ГМП, преку: Креирање алатки за визуелизација – најмалку 3 инфографикони/графикони или сврзана графичка содржина; Пишување блог со наодите и предлозите, за понатамошно поттикнување на дебатата, со што таа ќе се канализира од општа кон конкретна; Застапување во медиумите. |
| Резултати | - Информираност на јавноста за олеснетите критериуми за влез во ГМП, за ефектите на Ковид 19 сиромаштијата.<br>- Наодите од истражувањето покажуваат поради кризата 25.000 лица се втурнати во релативна сиромаштија, а нови 100.000 лица во апсолутна сиромаштија. Поради олеснетите услови за влез во ГМП системот од страна на Владата во екот на пандемијата 20.000 лица имаат можност да се извлечат од екстремна сиромаштија. До јуни 2020 година 6000 лица влегле во системот ГМП заради олеснетите услови, а уште 14.000 имаат потенцијал да се извлечат од екстремната сиромаштија. Ефектот од Ковид 19 е релативно еднакво рапореден меѓу мажите и жените, додека особено е изразен кај |


Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
Одделение за соработка со невладини организации во Генерален секретаријат

| | |
|---|---|
| | младите лица (15-29), кај кои апсолутната сиромаштија (5.5 долари) се искачува до 29%.<br>- Во ноември 2020 година, Владата предложи измени на Законот за социјална заштита, со цел олеснети критериуми да важат во вондредни околности (прогласена пандемија). |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапување од планираните активности |
| Времетраење на проектот | 01.07.2020 - 31.12.2020 година |
| Буџет | - Човечки ресурси ..............337.440 денари<br>- Оперативни трошоци .........88.211 денари<br>- Директни трошоци ............ 382.530 денари<br>- Вкупно ................................808.181 денари<br>Неискористените средства во висина од 1.289 денари се вратени во Буџетот на 29.1.2021 година. |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставена е детална документација за трошоците во финансискиот извештај |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Целта на проектот е постигната со истражувањето кое понуди робустна пресметка дали и во која мерка кризата предизвикана од Ковид-19 ќе ја зголеми сиромаштијата во земјата и дали понудената мерка за олеснување на критериумите за стекнување на право на ГМП со цел за заштита на најранливите граѓани ќе ги заштити од ударот на кризата. За прв пат е направена ваква анализа со употреба на МК-МОД моделот, кој покажа дека владината мерка има потенцијал да извлече од екстремна ситуација 24.000 лица. Мерката има позитивен ефект, и со препораките од оваа истражување се во насока на продолжување на олеснетите критериуми за влез во ГМП системот и во 2021 година, како и воведување на времен додаток на ГМП и намалување на доходовниот праг за влез во системот. Соглано препораките, во ноевмри 2020 година, Владата предложи измени на Законот за социјална заштита, со цел олеснети критериуми да важат во вондредни околности (прогласена пандемија) што е во корелација со препораките од истражувањето направено во рамките на овој проект. |

| | |
|---|---|
| 33. Име на здружението: **Здружение Ромски културен и едукативен центар Тернипе МК Делчево** | |
| ПРОЕКТ: Поддршка во време на COVID – 19 кризата за Ромите и ранливи категории | |
| Висина на грант: 678.123 денари | |
| Цел на проектот | Превенција, заштита и спречување на ширењето на Ковид-19 кај маргинализираните и ранливите групи на граѓани |
| Активности | - Информирање на јавноста за мерките и препораките за заштита од Ковид-19<br>- Набавка и дистрибуција на хуманитарна и санитарна помош за социјално загрозените и маргинализираните групи на локално ниво<br>- Обезбедување на услови на децата од маргинализираните категории за далечинско учење |

| | |
|---|---|
| Резултати | - Информирана е јавноста за мерките и препораките за заштита од Ковид-19 преку поставување на информативни пунктови и директни средби во централното градско подрачје во Делчево и дистрибуција на 500 флаери и едукативни материјали<br>- Набавени се и дистрибуирани 65 пакети со прехранбени и санитарни производи<br>- Набавени се 45 таблети со 10 гига интернет за деца од социјално загрозени семејства и деца од руралните средини, од ООУ „Ванчо Прке“ Делчево и ООУ „Климент Охридски“ Делчево, со подрачно училиште во с.Трабroom |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапувања од планираните активности. |
| Времетраење на проектот | 1.07.2020 – 31.12.2020 година |
| Буџет | - Човечки ресурси ...................144.870 денари<br>- Оперативни трошоци ............32.298 денари<br>- Директни трошоци ..............500.955 денари<br>- Вкупно .................................678.123 денари |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставена е детална документација за трошоците во финансискиот извештај, со исклучок на договори за ангажирање на координатор и асистент на проектот. |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Целта на проектот е постигната, зголемена е јавната свест за опасноста и последиците од Ковид-19 преку информирање на населението во Делчево за мерките и препораките за спречување на ширењето на Ковид-19, обезбедена е помош во прехранбени и хигиенски производи и за учење од далечина на деца од загрозени семејства и од руралните средини во Делчево, преку обезбедување 45 таблети и интернет. |

| | |
|---|---|
| 34. Име на здружението: **Студенски Парламент на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје** | |
| ПРОЕКТ: Мој психијатар | |
| Висина на грант: 810.000 денари | |
| Цел на проектот | Поголем пристап на граѓаните до психијатрите |
| Активности | - Активирање и изработка на веб платформа epsihijatar.mk како и изработка на кориснички интерфејс<br>- Софтвер за комуникација на докторите и клиентите<br>- Изработка на додаток кој ќе ја олесни работата и пристапноста на корисниците<br>- Воспоставување на систем за брза и експертска помош или разговор со психијатар на подолг временски период преку закажување онлајн сесии без притоа да мора да ги напуштат своите димови и да чекаат ред пред ординациите на докторите<br>- Софтвер за известување<br>- Онлајн сесии за подобрување на докторските сесии<br>- Распоред на слободни термини на психијатри за корисници на |

| | |
|---|---|
| | услугите на платформата |
| Резултати | - Креирана е мултифункционална веб платформа epsihijatar.mk за соработка помеѓу корисниците и психолозите, како и можност за видео сесии, сесии за разговор со психолог (чат сесии каде корисникот може да остане анонимен) и видео групни сесии до 10 корисници во исто време (со можност за зголемување на капацитетите во иднина)<br>- Преку оваа платформа отворена е можност за многу психолози да остварат комуникација меѓу себе и да работат на меѓусебно вмрежување како и подобрување на нивните лични сесии |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапување од планираните активности, но не се доставени докази за остварен контакт и соработка со Министерството за здравство, Лекарската Комора и Комората на психијатри, како што е наведено во предлог-проектот. |
| Времетраење на проектот | 20.6.2020 - 20.12.2020 година |
| Буџет | - Човечки ресурси .............. 420.000 денари<br>- Оперативни трошоци ........ 195.000 денари<br>- Директни трошоци ............ 195.000 денари<br>- Вкупно ................................ 810.000 денари |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставени се фотокопии од фактури и авторски договори, чија веродостојност е потврдена со печат од Здружение за развој на општеството-социјални иновации Ваке уп Скопје, наведено како соработник во предлог-проектот. Не се доставени изводи од банка како доказ за извршено плаќање. |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Формирана е платформа www.ephijatar.mk чија имплементација треба да предизвика промени во работењето на многу психолози, да го олесни пристапот на корисниците до нивните услуги, да се надминат стереотипите за посета на психијатар преку online решение со можност за анонимност и на тој начин да им помогне на граѓаните полесно да се справат со последиците предизвикани од пандемијата со Ковид-19.<br>Завршниот извештај не содржи квантифицирани податоци за мерење на резултатите (број на психолози/психијатри чии услуги се достапни на платформата, број на посети на платформата или корисници на услугите). Платформата во делот „Наши психолози“ нема податоци, а во делот „Новости и совети“ на 16.9.2020 год. креирани се три наслови, но во делот прочитај повеќе има само воведна реченица. На почетната страна на платформата содржана е Благодарност до Владата на РСМ за пружената помош при создавање на оваа платформа и лого на корисникот СП ФИНКИ, а во деловите Услуги и За МојПсихијатар содржана е Благодарност до Цивика Мобилитас за пружената помош при создавање на платформата, а корисник е здружението Wake up.<br>Може да се изведе заклучок дека развиено е техничко решение (веб платформа) со поддршка на два донатори, но нема докази за одржливост, односно дека платформата активно се користи. |

| 35. Име на здружението: **Здружение за рурален развој ЈАВОР - Зрновци** | |
|---|---|
| ПРОЕКТ: Зголемување на дигиталните вештини на земјоделските производители со цел прилагодување кон новонастанатите пазарни и економски услови на работење | |
| Висина на грант: 776.250 денари | |
| Цел на проектот | Зголемување на знаењата и вештините на земјоделските прозводители за користење на дигиталната опрема и алатки за електронско работење со цел што побрзо и поефикасно прилагодување на новонастанатите услови на работење предизвикани од Ковид 19 кризата. |
| Активности | 1. Подготвителни активности-Информирање и запознавање на целната група за потребата и придобивките од користење на дигитални и информатички алатки во работење на фармерите<br>2. Спроведување на обуки – креирање на 3 модула на обуки соодветно на потребите и барањата. Првиот модул опфаќа обука за основни вештини за следење, пријавување и аплицирање на мерките за подршка во МЗШВ и ФИТР, а останатите модули се обуки наменети за развивање на вештини за електронско продавање, купување, креирање на сопствена е-продавница и креирање и одржување на ВЕБ страни др.<br>-Печатење на водич за електронско пополнување на Е-барање<br>-Одржани обуки во општините: Пробиштип, Делчево, Македонска Каменица, Виница, Штип,Карбинци, Берово и Чешиново Облешево<br>-Онлајн обуки на тема: Креирање на е-продавница за продажба на земјоделски производи; Купување и продавање на Интернет и Брендирање и маркетинг за раст преку Интернет<br>3. Идентификување и подршка на социјално загрозени земјоделски семејства преку психосоцијална подршка и подршка на менталното здравје и делење на хуманитарни пакети. Дополнително во рамките на оваа активност во соработка со општините и месните заедници на сите 11 општини ќе бидат идентификувани социјално и економски најзагрозен земјоделски производители кои ќе бидат материјално подржани со потребни репроматеријали и средства и ќе им овозможи подобри условите за работење на фарма. |
| Резултати | Резултатите се мерени според бројот на: пријавени фармери за обуки, број на самостојни апликации за ИПАРД, ФИТР и пријави за мерките за субвенционирање и користење на мерките за поддршка на земјоделството и руралниот развој, број на фармери кои регистрирале свои Е-продавници или ги промовирале своите производи на социјалните мрежи.<br>Резултати од проектот се:<br>- Спроведени 8 практични обуки за подобрено ефективно користење на дигитална технологија и ИКТ алатки<br>- 116 земјоделци вклучени директно во обуките<br>- Спроведени 3 онлајн обуки за пријавени вкупно 53 учесници кои се стекнаа со знаења за онлајн продажба, брендирање и добивање на индивудална поддршка |

| | |
|---|---|
| | - Стекнати основни познавања на 24 учесници за отварање на е-продавница и<br>- Стекнати вештини за користење на Интернет алатки за водење на е-продавница на 20 учесници на вебинарот и практична поддршка на 12 земјоделски производители во отворање на онлајн продавница на платформата be-digitalized.html<br>- Стекнати напредни вештини во креирање на сопствен бренд на 14 учесници на предавањето и индивидуална поддршка за креирање и подобрување на 5 web страни и 3 Facebook профили на земјоделски производители и здруженија<br>- Поделени 110 социјални наменски пакети на социјално загрозени земјоделски семејства и поддршка на 33 економско загрозени земјоделски производители со репроматеријали за производство. |
| Отстапување од планираните активности | Организациски потешкотии за одржување средби во три општини (Зрновци, Кочани и Пехчево), поради зголемениот број на заболени и починати од Ковид 19 и забраната за одржување на помасовни собири во месеците ноември и декември 2020 година, кога беа предвидени предавањата во овие општини. |
| Времетраење на проектот | 19.06.2020 – 31.12.2020 година |
| Буџет | - Човечки ресурси …….......... 150.000 денари<br>- Оперативни трошоци ……..…...158.225 денари<br>- Директни трошоци …………....467.980 денари<br>- Вкупно ………………………… 776.205 денари |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставени се докази за трошоците во финансискиот извештај |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот. Проектот се реализираше во 11 општини од Источниот плански регион, во соработка со 13 невладини организации, 3 земјоделски задруги и 50 регистрирани земјоделски производители. Во одредени општини беше остварена соработка и со локалните самоуправи и Агенција за поттикнување на развојот на земјоделците со помош на кои се обезбедија просториите за одржување на обуките. Во рамките на проектните активности беа спроведени 8 практични обуки за подобрено ефективно користење на дигиталната технологија и ИКТ алатки, на кои беа опфатени 116 земјоделски производители, беа реализирани 3 онлајн обуки за пријавени вкупно 53 учесници, кои имаа можност да стекнат теоретско и практично знаење и искуство за онлајн продажба, брендирање и добивање на индивидуална поддршка од меѓународен консултант за регистрирање и уредување на сопствени Е-продавници, ВЕБ и Фејсбук страни.<br>Во делот на активноста поврзана со хуманитарно-техничка поддршка на земјоделските производители беше поделена помош на 110 социјални пакети (по 10 во секоја општина), од средства за хигиена, дезинфекција и производи за имунитет (мед и прополис), сметајќи дека во услови на пандемија тоа се артикли кои најмногу се потребни на земјоделските прозводители. На 33 регистрирани земјоделски стопанства (по 3 во секоја општина), кои имаат финансиски |

| | |
|---|---|
| | проблеми, настанати како резултат на Ковид кризата им беа поделени репроматеријали во: сточна храна (пченка), медени погачи за прехрана на пчелните семејства и ваучери за нафта за есенска обработка на земјоделските површини. Во секоја општина беа опфатени по еден сточар, пчелар и земјоделец кој се занимава со растително производство. Во текот на обуките на понапредни 80 земјоделски производители им беше поделен Водич за електронско пополнување на Е-барање, за да можат самите да се приклучат на платформата на МЗШВ и самите да се пријават за субвенции, да аплицираат за мерките за рурален развој и да вршат пријавување и одјавување на производни капацитети.<br>Во однос на одржливост на проектот, беа вклучени локални здруженија и земјоделски задруги, чии членови беа информирани и ангажирани да направат сопствени анализи и планови за можноста од формирање на локални едукативни центри каде би можеле земјоделците да добиваат стручна помош во делот на развивање на нивните дигитални вештини. Во рамките на активностите беше спроведена и анкета преку прашалник, преку кој се детектираат потребите на земјоделците, а со тоа и идните активности.<br>Во текот на шестмесечната реализација на прокетот, преку Инфо центарот на Националната федерација на фармери, кој функционира во рамките на ЗРР Јавор Зрновци, беа зачленети 27 земјоделски производители. Со тоа се создадени услови за нивно вклучување во активностите што ги спроведува Федерацијата. |

| | |
|---|---|
| 36. Име на здружението: **Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници Маргини Скопје** | |
| ПРОЕКТ: Психо-социјална помош на трансродовите лица за време на Ковид-19 | |
| Висина на грант: 810.000 денари | |
| Цел на проектот | Подобрување на егзистенцијалните услови, на физичкото и на менталното здравје на трансродовите лица за време на КОВИД-19 кризата |
| Активности | - Обезбедување на прехрембени пакети<br>- Обезбедување на хигиенски производи и витамини<br>- Принтање на едукативни брошури<br>- Психолошко советување<br>- Социјални услуги и поддршка |
| Резултати | - Набавени се и дистрибуирани 150 прехрамбени и хигиенски пакети и витамини за 24 трансродови лица<br>- Креирани, дизајнирани и испечатени се три вида флаери (по 40 примероци) и Брошура за сексуално и репродуктивно здравје наменета за трансродовите луѓе во време на Ковид-19 (40 примероци)<br>- Одржани се 20 сесии за психотерапија за лица кои побарале помош<br>- Дадени се 28 услуги од страна на социјален работник на лица кои имале потреба од помош за поднесување документација со цел пријавување за добивање на социјална помош, здравствено |

| | |
|---|---|
| | осигурување и пристап до здравствени услуги |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапување од планираните активности |
| Времетраење на проектот | 20.06.2020 – 15.12.2020 година |
| Буџет | - Човечки ресурси ................122.399 денари<br>- Оперативни трошоци ....... 139.503 денари<br>- Директни трошоци .............517.265 денари<br>- Вкупно ................................. 779.167 денари<br>Неискористените средства во висина од 30.833 денари се вратени во Буџетот на 29.1.2021 година. |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставени се докази за трошоците во финансискиот извештај |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Целта на проектот е постигната, одржливоста на проектот ќе се постигне преку долгорочните ефекти од проектот и понатамошна поддршка на трансродовите лица преку соработка со регионални и странски донатори, но исто така и преку предлагање решенија со цел помагање на трансродовата заедница во државата. |

| | |
|---|---|
| 37. Име на здружението: **Здружение за деца со посебни потреби Аура Тетово** | |
| ПРОЕКТ: Заедно за подобра иднина | |
| Висина на грант: 810.000 денари | |
| Цел на проектот | Подучување на децата со посебни потреби во справување со пандемијата. |
| Активности | - Подобрување на менталното здравје во услови на пандемија<br>- Менаџирање на анксиозноста и депресија на децата со посебни потреби во услови на пандемија<br>- Одржување на личната хигиена, однесување во домот и надвор од него<br>- Одржување на социјални мрежи и изготвување на промотивни содржини |
| Резултати | - Подобрување во однесувањето на децата во нивните секојдневни активности со редуцирање на дефектолошките проблеми и нивното подобро прилагодување во средината, особено во услови на пандемијата.<br>- Третирање на анксиозноста кај децата со посебни потреби со индивидуална работа и пристап за секое дете поединечно<br>- Одржани медицински обуки за секојдневно чување на здравјето на децата со објаснување за користење на заштитни мерки и одржување на лична хигиена, со цел ниту едно дете или родител да не бидат инфицирани од Ковид-19<br>- Одржување на социјалните мрежи со цел сензибилизација на целокупното население на територија на Република Северна Македонија, креирање содржини, постирање и нивна промоција |

| | |
|---|---|
| | - Изготвен промотивен спот споделен на социјални мрежи со 6000 прегледи |
| Отстапување од планираните активности | Не е наведено |
| Времетраење на проектот | 01.06.2020 – 31.10.2020 |
| Буџет | - Човечки ресурси ..................655.000 денари<br>- Оперативни трошоци .....................0 денари<br>- Директни трошоци .............. 155.721 денари<br>- Вкупно ..................................810.721 денари, од кои 721 денари сопствено учество на корисникот |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Во прилог на Завршниот извештај доставени се само налози за промена на состојба на банкарска сметка, како доказ за исплатени средства на 6 лица и за промет на производи и услуги на 3 фирми, но не се доставени договори за ангажирање на лицата и фактури, за да се утврди поврзаноста на исплатата со целите на проектот. |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Примарна цел на проектот е да се научат децата со посебни потреби на основните начела за зачувување на здравјето и да ги вршат секојдневните когнитивни постапки согласно препораките на СЗО за заштита на населението и спречување на ширење на пандемијата. Преку посебни методи за учење, соодветни на децата со посебни потреби, со помош на специјални средства и техники за учење, се поттикнуваат децата да се залагаат за проактивно делување во секојдневниот животот и нивно интегрирање во општеството.<br>Во прилог на Завршниот извештај не се доставени доволно докази за да се оцени постигнувањето на целите и одржливоста на проектот. |

| | |
|---|---|
| 38. Име на здружението: **Здружение на граѓани ЗИП ИНСТИТУТ за политики и добро владение Скопје** | |
| ПРОЕКТ: Фронт против Ковид-19 во рурален Сарај | |
| Висина на грант: 809.280 денари | |
| Цел на проектот | Успешното справување со Ковид-19 во општина Сарај и последиците од него врз образовниот процес |
| Активности | - Организирана најмалку една посета на терен на секое населено место (24 вкупно) во општина Сарај за дистрибуирање на флаери и брошури за Ковид-19<br>- Пакување и дистрибуција на околу 1500 пакети со опрема за лична заштита (маски, средства за дезинфекција на раце) и информативни летоци и брошури за Ковид-19 во сите населени места на Сарај<br>- Обуки/вебинари за ефективна примена на онлајн учењето<br>- Идентификување на 30 ученици од најзагрозени семејства како крајни корисници на ИТ опрема за олеснет пристап до далечинско учење |
| Резултати | - Извршени повеќе координативни средби со инфектолози и доктори и организирани посети во неколку места во Сарај, со цел запознавање на населението со вистинското лице на Ковид-19. |

| | |
|---|---|
| | Најмалку 30 граѓани присутни на секоја средба и информирани за Ковид-19 и правилна примена за мерките на заштита.<br>- Поделени 1000 информативни флаери и летоци со информации за Ковид-19 и мерки за превенција од вирусот. Дистрибуирани 1500 пакети со опрема за лична заштита (маски, средства за дезинфекција на раце)<br>- Организирани обуки за 50 наставници од Сарај на теми поврзани со далечинско учење и примена на ИКТ во наставниот процес.<br>- Обезбедена ИТ опрема (таблети) за 30 ученици од ОУ „Ибе Паликуќа" во Бојане за следење на он-лајн настава.. |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапување од планираните активности. |
| Времетраење на проектот | 20.06.2020 - 20.12.2020 година |
| Буџет | - Човечки ресурси ............... 523.800 денари<br>- Оперативни трошоци ....... 159.923 денари<br>- Директни трошоци ........... 312.521 денари<br>- Вкупно .................................996.244 денари, од кои 186.964 денари сопствено учество на корисникот |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставени се докази за трошоците во финансискиот извештај, но не се доставени листи на учесници од обуките, ниту листи за предавање на ИТ опрема (таблети) на крајните корисници. |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот, набавена е ИТ опрема (таблети) за најзагрозените ученици од општина Сарај за нивна он-лајн настава, со што наставата стана подостапна и поинклузивна за руралните средини. Свеста кај населението од руралните средини за справување со коронавирусот Ковид-19 е подигната преку дистрибуираните информации и основаната заштитна опрема, а особено преку предавањата на експертите по јавно здравје за време на теренските посети. |

| | |
|---|---|
| 39. Име на здружението: **Здружение Центар за интеркултурен дијалог Куманово** | |
| ПРОЕКТ: Борба против говорот на омраза и криминалот од омраза | |
| Висина на грант: 605.385 денари | |
| Цел на проектот | Создавање на одговорно општество каде луѓето активно го осудуваат говорот на омраза и криминалот од омраза во која било форма и промовираат вредности на човековите права, толеранција и прифаќање меѓу различни групи |
| Активности | – Обука за говор на омраза и медиуми<br>– Обука со млади за справување со говорот на омраза и развој на спротивставени иницијативи<br>– Конкурс за уметнички творби<br>– Обука со младински работници кои работат во младински центри за спречување на корени на омраза<br>– ИдеаЛаб за развој на методи и пристапи во образованието за спречување и справување со омразата |

| | |
|---|---|
| | – Тренинг за борба против говор на омраза и спротивставување на наративите |
| Резултати | Преку обуките „Говор на омраза и медиуми“ и „Справување со говорот на омраза и развој на спротивставени иницијативи“, како и обуката за младински работници кои работат во младински центри за спречување на корени на омраза, учесниците се запознаа со концептот на говор на омраза, криминалот од омраза и различните механизми за превенција и реакција.<br>Преку конкурсот „Во какво мултиетничко општество живееме?“, младите беа мотивирани да творат на тема мултиетничко општество и да ја подигнат свеста за говор на омраза и криминал од омраза врз етничка основа. |
| Отстапување од планираните активности | Потпишан Анекс кон Договорот за обезбедување финансиска поддршка бр.39-61/3 од 11.11.2020 година, со кој на барање на корисникот, активностите 5. ИдеаЛаб за развој на методи и пристапи во образованието за спречување и справување со омразата и 6. Тренинг за борба против говор на омраза и спротивставување на наративите ќе се организираат во вид на онлајн настани, поради избегнување на групирање на повеќе лица на едно место, согласно препораките на Владата за спречување на внесување и ширење на Ковид-19 |
| Времетраење на проектот | 20.06.2020-31.12.2020 година |
| Буџет | - Човечки ресурси ............... 219.600 денари<br>- Оперативни трошоци .........150.239 денари<br>- Директни трошоци .............238.433 денари<br>Вкупно ..............................608.272 денари, од кои 2.887 денари сопствено учество на корисникот |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставени се докази за трошоците во финансискиот извештај |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Целта на проектот е постигната, преку подигање на јавната свест за последиците од говорот на омраза и криминал од омраза и негативните ефекти во заедницата. Одржливоста на проектот се обезбедува преку создадената група од 20 млади ентузијасти кои ќе делуваат како мултипликатори во своите заедници на стекнатите знаење и вештини во областа на човековите права, говор на омраза и криминал од омраза. |

| | |
|---|---|
| 40. Име на здружението: **Здружение за култура и уметност Традита Тетово** | |
| ПРОЕКТ: “Стани“ лекар слушајќи ги лекарите - “Лечи“ пациенти не заразувајќи ги другите! | |
| Висина на грант: 539.640 денари | |
| Цел на проектот | Редово информирање на учениците да ја почитуваат физичката дистанца, носењето маска и личната хигена, како задолжителни во борба против пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19. |
| Активности | 1. Редовно информирање на учениците со официјалните податоци во врска со напредувањето на пандемијата Ковид-19<br>2. Дистрибуција на антиковид пропагандни материјали |

| | |
|---|---|
| | 3. Организирање на онлајн трибини |
| Резултати | - Одржани средби со градоначалниците на општина Теарце и Брвеница и директорите на основните училишта во општините Теарце<br>- дистрибуирани материјали за подигнување на јавната свест во основните и средните училишта<br>- редовно информирање на учениците од основите и средините училишта во општините Тетово, Брвеница и Теарце преку официјалната веб-страница на здружението и Facebook<br>- Испечатена се флаери и публикација со насловот на проектот (во 150 примероци) на албански јазик. |
| Отстапување од планираните активности | Не е наведено |
| Времетраење на проектот | 15.08.2020-15.11.2020 година |
| Буџет | - Човечки ресурси ....................205.200 денари<br>- Оперативни трошоци ...........239.940 денари<br>- Директни трошоци .................94.500 денари<br>- Вкупно ...................................539.640 денари |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставени се докази за трошоците во финансискиот извештај, но во дел од договорите за дело е наведено ангажирање на лицата „за спроведување на активностите на проектот“, без прецизирање за кои активности. Фактурата за превоз на патници и фактурата за услужни пијалоци нема придружни документи, за да се утврди со кои активности на проектот се поврзани. |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Проектот имаше за цел редовно информирање на учениците од основно и средно образование од Полошкиот регион како да се заштитат од Ковид 19, како да почитуваат физичка дистанца, носење маски и лична хигиена, како и отфрлање на лажните вести и дезинформации. Сите активности на проектот: редовни информации преку онлајн медиуми, социјални мрежи и визуелни медиуми, онлајн сесии и конкретни теренски активности имаа широк опфат, но се спроведени само на албански јазик. |

Завршните извештаи на здруженијата, корисници на финансиска поддршка за горенаведените проекти, се дадени во прилог и се составен дел на овој Извештај.